Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 27-а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16, 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година е подготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022 – 2024 година, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/08, 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 223/19), Упатството за начинот за постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/19) и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/22).

Програмата за 2023 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2023 година на Владата на Република Северна Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022 - 2024 година:

- Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните
- Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени
- Справување со последиците од светската пандемија предизвикана од КОВИД – 19 и други кризи
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија
- Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност
- Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството
- Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот
- Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување

Програмата за работа на Владата за 2023 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.

При подготовката на Програмата за работа на Владата особено беше земен во предвид стратешкиот приоритет на Владата „Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување“, со што се изразува посветеноста на Владата за реално имплементирање на придобивките од Охридскиот рамковен договор, во духот на меѓусебното разбирање и соживот.

Ова во пракса значи правична и адекватна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа и нивен реален придонес кон поефикасна реализација на Програмата за работа на Владата за 2023 година.

Содржината на Програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

2) Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

   А) Подзаконски акти

   Б) Материјали

# I ДЕЛ

# Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

# Јануари

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви ќе се овозможи оризот да се опфати како производ од исклучително значење за населението во Република Северна Македонија и ќе се создадат услови за негово чување како стоковни резерви во вид на оризова арпа. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви ќе се овозможи внесување на нови стоки во состав на стоковните резерви со што ќе се збогати асортиманот на стоки со кои во одредени услови предвидени со Закон ќе може да се интервенира на пазарот за задоволување на потребите на домашните потрошувачи. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

### *Предлог-закон за забрана на нефер трговски практики во синцирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи*

**Образложение:** Законот се предлага со цел усогласување со ДИРЕКТИВАТА (ЕУ) 2019/633 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 17 април 2019 година за нефер трговски практики во односите бизнис-бизнис во синџирот на снабдување со земјоделство и храна.

**НПАА-поглавје:** 3.08 Конкурентност

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2022.0400.8262

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се предвидува воспоставување, обезбедување и заштита на фер трговски практики кои ги штитат учесниците во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

# Февруари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

*Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните*

### *Предлог - закон за попис на земјоделството во Република Северна Македонија 2023 година*

**Образложение:** /

**НПАА-поглавје:** 18 Статистика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со законот се предвидува Државниот завод за статистика да го спроведе пописот на земјоделството во Република Северна Македонија 2023 година во периодот од 01 до 31 октомври 2023 година. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог - закон за социјални претпријатија (Lex specialis)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Сѐ повеќе организации спроведуваат економски активности со социјална мисија, но сегашното законодавство не ги препознава како социјални претпријатија. Со Предлог - законот ќе се уреди поимот на социјалните претпријатија, условите за стекнување и престанување на статусот на социјалните претпријатија, инструментите за поддршка и развој на социјалните претпријатија, посебните услови за работа на социјалните претпријатија за социјална и професионална реинтеграција и за работна интеграција, надлежностите на Националниот ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија, обврските за известување и надзор над работа на социјалните претпријатија. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 3.19.5 Социјална вклученост

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.0900.6102

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со носење на Закон за социјални претпријатија (Lex specialis) ќе се овозможи и осигура правно признавање, видливост и стекнување доверба во социјалните претпријатија од страна институциите, фондовите и останатите општествени чинители, креирање на работни места, вработување и социјална интеграција на граѓани во социјален ризик и еднаков пристап на социјалните претпријатија до фондовите за развој, програмите за поддршка за вработување, континуирана поддршка, градење на капаците и развој на социјалните претпријатија. |

**Фискални импликации:** Има: 12,200,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

### *Предлог - закон за индустриски емисии*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05; 81/95; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), потребно е донесување на Закон за индустриски емисии во согласност со Директивата за Индустриски Емисии 75/2010. |

**НПАА-поглавје:** 3.27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2010.0500.6102

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на квалитетот на животната средина преку повисока контрола над инсталациите во насока на подобра заштита на животната средина, со примена на најдобри достапни техники со имплементацијата на новиот Закон за индустриски емисии. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

### *Предлог - закон за процена*

**Образложение:** Со изменување на законското решение е планирано укинување на електронското полагање на стручните испити и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Донесување на законското решение со кое електронското полагање на испитите ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба "студии на случај" пред Комисија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

# Март

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за рибарство и аквакултура***

**Образложение:** Со донесување на Законот за рибарство и аквакултура ќе се овозможи непречено користење на рибите и другите водни организми во риболовните води по пат на јавен повик, дополнително ќе се уреди аквакултурното производствопо и пласирањето риба на пазарот со усогласување на националната регулатива усогласен со регулативите на ЕУ R1379/2013, R1380/2013, R1224/2009, R1418/2013, R1419/2013, R1005/2008 и R2017/1004.

**НПАА-поглавје:** 13 Рибарство и аквакултура

**НПАА-подрачје:** Рибарство и аквакултура

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7956

**Очекувани влијанија:** Непречено користење на финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата со мерки и начин на доделување на средствата усогласен со ЕУ регулатувите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***

**Образложение:** Измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се во насока на усогласување на националното законодавство со правото на Европска Унија во областа на аудиовизуелните медиумски услуги, а во рамките на Проектот на Европска Унија за транспонирање на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

**НПАА-поглавје:** 10. Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 10.1 - Електронски комуникации и информациски технологии

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0007.8096

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на слободата на медиумите и зајакнување на независноста на регулаторот и јавниот сервис, согласно новата регулатива на Еевропската Унија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување*

**Образложение:** Системот за заштита и спасување се соочува со потреба од итна и неодложна интеграција и имплементација на стандардите на НАТО. Современиот начин на живеење налага современа заштита. Со изменување и дополнување на одредени членови од Законот за заштита и спасување ќе се овозможи разработка на нови ризици и опасности согласно и препораките на ЕУ. Дирекцијата за заштита и спасување е обврзани да доставуваме извештај / резиме од националната процена на загрозеност. Со измената ќе се овозможи подобро функционирање на Дирекцијата за заштита и спасување, бидејќи досегашните решенија не се функционални и прават големи

потешкотии при извршување на заштитата и спасувањето на лица, материјални добра, културно наследство во мир, вондредна и воена состојба. Ќе се реши долгогодишниот проблем при вршење на мобилизација и активности на терен, можност за пополна на Штабовите и проблемот со пополна на републичките сили.

**НПАА-поглавје:** 3.27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** Цивилна заштита

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.1000.7708

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Механизмот на цивилната заштита на Европската унија препорачуваат усогласување во делот на превенција и подготвеност, од аспект на национална проценатa на ризик, стандарди, оспособување и обука. Со сегашното законско решение само граѓаните можат да бидат распоророедени по Штабови и единици, со додавањето и на вработените од Дирекцијата за заштита и спасување би се овозможило сите вработени да бидат ангажирани во случај на природни непогоди и други несреќи и да остварат право на финансиски надоместок, осигурување и др. права кои сега само им следат на граѓаните. Досегашниот Закон предвидува ограничување на припадниците до 50 години за жени и 55 години за мажи, со менување на овој член би се усогласиле со сегашните 64 години за мажи и жени. Со менување на членовите во делот на силите за заштита и спасување ќе се добијат функционални единици и ќе се измени делот на опремата. Исто така би се овозможило усогласување на нашите сили од Република Северна Македонија со силите на Механизмот на цивилната заштита на Европската унија, НАТО и УН, и со ова ние конечно би можеле да учествуваме на меѓународни мисии согласно стандардите кои се пропишани. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана во соработка со Дирекција за заштита и спасување

***Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование***

**Образложение:** Од досегашната пракса во примената на Законот за високото образование се утврди потреба од терминолошко доуредување и допрецизирање на одредени одредби, како и воведување на нови одредби заради избегнување на проблеми кои произлегуваат од недореченостите, односно непостоење на јасни и прецизни дефиниции и целосни определби.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Надминување на одредени проблеми констатирани од досегашната примена на Законот што ке овозможи подобрување на квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри е со цел заштита на младата популација од учество во игрите на среќа, имплементација на Препораката (2014/478/ЕУ) за начелата за заштита на потрошувачите и учесниците во интернет игрите на среќа односно спречување на малолетниците за учество во интернет игрите на среќа, зајакнување на fit and proper критериумите за приредувачите на игри на среќа, како и остварување на поголеми приходи во Буџетот на Република Северна Македонија од приредување на игрите на среќа. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот игрите на среќа и забавните игри, деловните простории во кои се приредуваат игрите на среќа ќе се отвораат на оддалеченост од 500 метри од основни и средни училишта со што ќе се заштити младата популација од учество во игрите на среќа. Со донесувањето на оваа измена на Законот, ќе се обезбеди поголема заштита на учесниците и на младата популација од учество во интернет игрите на среќа. Истовремено, од приредувачите на игрите на среќа ќе треба да се бара да поседуваат репутација, односно компетентност и личен интегритет за приредување на игрите на среќа. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за надзор на пазарот за производите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Сообразување на законодавството и спроведување на законите“, член 68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија. |

**НПАА-поглавје:** 3.01 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0400.7281

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со Законот за надзор на пазарот ( "Службен весник на Република Македонија" број. 48/10 и 79/13) се уредува општата рамка за координацијата на надзорот на пазарот за производите кои се пуштааат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот дали истите ги исполнуваат суштествените барања за општата безбедност, безбедноста на здравјето на луѓето и висок степен на заштитана јавните интереси, заштитата на потрошувачите и животната средина, а кои со одредени во постојните хармонизирани прописи на Република Северна Македонија.Предложените измени во овој закон се усогласуваат со ново усвоенитот Закон за општа безбедност на производите("Службен весник на РСМ", бр. 302 од 18.12.2020 година), нов предлог Закон за технички барања и оцена на сообразност на производит како и со новата Регулатива на ЕУ 2019/1020 од 20.06.2019 за надзор на пазарот собразност на производите и изменување и доплнување на Директива 2004/42 ЕЗ и Регулатива (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот Парламент и на Советот која ги утврдува барањата за акредитација и надзор на пазарот во однос на пласирањето на производите на пазарот (ЕУ) БР. 305/2011. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот*

| | |
|---|---|
| **Образл ожение:** | Ревидирање на ослободување од даноци на имот, зголемување на даночна основа за даноците на имот, изготвување на електронски регистри за даноци на имот и друго. Со предлог измените на Законот ќе се олесни постапката за утврдување и наплата на даноците на имот и ќе се воведат новитети со кои ќе се олесни работата при утврдување и наплата на даноците на имот. |

**НПАА-поглавје:** 3.16 - Оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на законската регулатива со цел олеснување на примената на Законот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

## *Предлог- закон за ревизија*

**Образложение:** Со донесувањето на новиот Закон за ревизија, Националното законодавство ќе се усогласи со Директивата 2014/56/ЕЗ со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки и со Регулативата 537/2014 за посебните услови за законска ревизија на субјектите од јавен интерес. Со донесувањето на новиот Закон, ќе се зајакнат кредибилноста на ревидираните финансиски извештаи на правните лица од јавен интерес, како и улогата на супервизорскиот орган.

**НПАА-поглавје:** 06- Право на трговски друштва

**НПАА-подрачје:** 2 – Сметководство и ревизија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0700.7825

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот за ревизија, ќе се зајакне надзорот над овластените ревизори и друштвата за ревизија преку вршењето на контролата на квалитет од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| **Предлагач:** | Министерство за финансии |
|---|---|

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

### *Предлог - закон за правда за децата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на Предлог-законот е остварување на најдобриот интерес на детето, надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес за детето, процедурална заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и утврдување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал, воедначување на системот на правна помош спрема дете во сите одредби на Предлог-законот, зајакнување на механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција на детското престапништво. |

**НПАА-поглавје:** 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0100.7631

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Остварување на најдобриот интерес за детето преку унапредување на правната рамка. Воедно, тоа ќе допринесе за социјална инклузија у недискриминација на децата во Република Северена Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| **Предлагач:** | Министерство за правда |
|---|---|

# Април

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост***

**Образложение:** Да се воспостави електронска евиденција на службените возила што ги користат и со кои располагаат државните органи и правните лица основани од државата. Воедно, со овој Предлог - закон се дополнуваат постојните одредби од законот кои се однесуваат на постапката за продажба на недвижниоте ствари во државна сопственост што ги користат државните органи. Исто така, со овој Предлог - закон се врши усогласување со уставното име на државата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Се овозможува воспоставување на транспарентен систем на електронска евиденција на службените возила што ги користат и со кои располагаат државните органи и правните лица основани од државата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за железничкиот систем*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската Унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероерабилност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0200.7168

**Очекувани влијанија:** Правилата кои се применуваат за управување со железничката инфраструктура и активностите во областа на железничкиот транспорт, спроведени од железничко претпријатие, критериумите што се применуваат при издавањето, продолжувањето или измената на дозволи, наменети за железничко претпријатие, начелата и постапките применливи во однос на дефинирањето и собирањето на надоместок за користењето на железничката инфраструктура и на распределбата на железничкиот инфраструктурен капацитет за домашни и меѓународни железнички услуги, работа на регулаторно тело.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Предлог - закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската Унија, потребно е да се донесе нов Закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Функционалност, организациска поставеност и финансиски независна од телата и органите одговорни за надзор на железничкиот сообраќај. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Предлог - закон за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската Унија, потребно е да се донесе нов Закон за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Функционалност, организациска поставеност и финансиски независна од телата и органите одговорни за железничкиот сообраќај и од сите правни и физички лица чии интереси можат да бидат во конфликт со нејзините задачи и овластувања. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Предлог - закон за основање на Агенција за истржување на несреќи во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај***

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската Унија, потребно е да се донесе нов Закон за основање на Агенција за истржување на несреќи во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Функционалност, организациска поставеност и финансиски независна од телата и органите одговорни за воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај и од сите правни и физички лица чии интереси можат да бидат во конфликт со нејзините задачи и овластувања.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Предлог - закон за интероперабилност во железничкиот систем***

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската Унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероерабилност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.7913

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Услови кои треба да се исполнат за постигнување на интероперабилност на железничкиот систем во Република Северна Македонија, со цел да се дефинира оптимално ниво на техничка усогласеност, која ќе придонесе кон олеснување, подобрување и развој на железничките транспортни услуги со оние на Европската унија и да придонесе кон создавање на единствен европски железнички простор и за постепено создавање на единствен внатрешен пазар на Европската унија, надзор над постапките за интреоперабилност и административен и инспекциски надзор. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Предлог - закон за безбедност во железничкиот систем*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви и Регулативи од Европската Унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероерабилност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 -Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.8126

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Услови за развој и подобрување на безбедноста на железничкиот систем, како и подобрување на пристапот до пазарот на железничките траспортни услуги преку: усогласување на регулаторната структура, дефинирање на одговорностите меѓу учесници во железничкиот систем, развивање на зеднички цели за безбедност и зеднички методи за безбедност, со цел постепено отстранување на потребата за национални правила, утврдување |

на принципите за издавање, продолжување, измена и ограничување или поништување на сертификати и одобрувања за безбедност, основање и работење на органот надлежен за железничка безбедност и органот за истрага на железнички несреќи и дефинирање на заеднички принципи за управување, регулирање, надзор на безбедноста на железницата, и инспекциски надзор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог - закон за премер, катастар на недвижности и регистри*

**Образложение:** Новото законско решение се предлага заради усогласување и хармонизација на законските решенија и надминување на тековните проблеми од праксата и подобрување на законските одредби во делот на постапката на запишувањето. ЗКН донесен 2013 година има 9 измени до сега и понатамошните измени на овој Закон кои се нужно потребни, би ја отежнале употребата на овој Закон. Во таа насока се прелага ново законско решение за да се подобри квалитетот на работењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на ефикасноста и сервисната ориентираност на Агенцијата за катастар на недвижности и подигање на квалитетот на

податоците од катастарот на недвижности.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда во соработка со Агенција за катастар на недвижности

## *Предлог - закон за геодетска дејност*

**Образложение:** Новото законско решение се предлага заради издвојување на геодетската дејност во посебен Закон, а кое досега беше делумно регулирано и опфатено во Законот за катастар на недвижности.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на квалитетот и нивото на извршувањето на геодетската дејност во Република Северна Македонија и неговата сеопфатна регулираност во еден посебен Закон.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда во соработка со Агенција за катастар на недвижности

# Мај

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог - закон за поедноставено пријавување на сезонска, повремена и привремена работа*

**Образложение:** Иако постои тренд на намалување на учеството на неформално вработените во вкупната вработеност во земјата од 12,1% (2021 година), сепак бројот на неформално вработените е релативно голем (над 96 илјади лица). Неформалните (нерегистрираните) работници работат во несигурни и ранливи работни услови. Со Предлог - законот за поедноставено пријавување на сезонска, повремена и привремена работа (Lex specialis) ќе се уреди поедноставеното пријавување и одјавување на работници ангажирани за извршување на сезонска, повремена и привремена работа, како и пресметка и уплата на даноци и придонеси за социјално осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.19

3.19.1

3.19.4

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Трудово право

Политика на вработување и Европски социјален фонд

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Формализацијата на неформалната вработеност и стимулирањето на редовно (формално) вработување ќе доведе до пристојна работа и работни услови, до подобро деловно опкружување и фер конкуренција, до намалување на несигурноста во вработеноста. Се очекува и подобрување на финансиската одржливост на системите за социјална заштита,

дополнителни буџетски и вон буџетски ресурси (јавни приходи) и зајакнување на владеење на правото како клучен предуслов за долгорочен одржлив економски и социјален развој.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2022 година како и реализацијата на планираните политики.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија го отсликува степенот на реализацијата на планираните политики и проекти на Владата на Република Северна Македонија и ја зголемува отчетноста и транспарентноста на трошењето на јавните финансии.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за ветеринарно-медицински препарати*

**Образложение:** Со донесување на Закон за ветеринарно-медицински препарати (нов) ќе се изврши транспонирање на Регулативата на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2018 година (CELEX бр. 32019P006) за ветеринарно медицински препарати и укинување на Директивата 2011/82/ЕК на Европскиот Парламент и на Советот од 6 ноември 2001 година за Кодекс во однос на ветеринарно-медицинските препарати на Заедницата.

**НПАА-поглавје:** 3.28.Потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7901

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Законот за ветеринарно-медицински препарати (нов) ќе се изврши соодветно транспонирање на европското законодавство.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

*Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните*

## *Предлог - закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој (АФД) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје*

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем и Договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на мали и средни претпријатија

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог - закон за експлозивни материи за цивилна употреба*

**Образложение:** Законот за експлозивни материи за цивилна употреба се предлага да се донесе со цел да обезбеди решавање на недореченостите кои се јавуваат при практична примена на постојните два закони, Законот за прометот на експлозивни материи („Сл. лист“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91 и „Службен весник“ на Република Македонија бр. 12/93, 66/07 и 86/08) и Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник“ на Република Македонија бр. 4/78, 51/88 36/90 и „Службен весник“ на Република Северна Македонија бр.12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15). Искуството на примената на законските одредби укажа на потребата од донесување нов закон, кој ќе воспостави побезбеден и подобрен систем за заштита на животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, производството, превозот, прометот, употребата искладирањето на експлозивните материи. Со оглед на тоа дека станува збор за сложена материја, новиот закон ќе ги опфати одредбите од двата закони преку прилагодување и подобрување во функција на доследно транспонирање на повеќе ЕУ Директиви и ЕУ Регулативи.

**НПАА-поглавје:** 3.01 слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0600.7803

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување систем за експлозивни материи за цивилна употреба преку целосно усогласување со европските стандарди. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за внатрешни работи |

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за оружје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измените на Законот за оружје се неопходни со цел да се изврши транспонирање на ЕУ Директива 555/21 на Европскиот парламент и Советот од 24 март 2021 година, на одредбите за контрола на набавувањето на оружјето. Освен тоа, во изминатиот период при имплементацијата констатирана е потреба од допрецизирање на определени постапки со цел да се надминат практичните проблеми во спроведување на законот на стручните служби, како и да се излезе во пресрет на потребите на правни лица од областа, кои се активни учесници во изготвувањето на измените. |

**НПАА-поглавје:** 3.01 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Допрецизирање и доуредување на текстот на законот, со цел поголем степен на усогласеност со европското законодавство. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за внатрешни работи |

# Јуни

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година***

**Образложение:** Доколку има промени во реализацијата на приходите и расходите со изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, се обезбедуваат неопходни прилагодувања на приходната и расходната страна од Буџетот во однос на иницијално планираните.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со ревидирање на приходите и расходите со изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, умерено ниво на буџетски дефицит и јавен долг и поддршка на економијата со значителни инвестиции во продуктивни проекти.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој***

**Образложение:** Доуредување на правната основа за поуспешно имплементирање

на политиката за рамномерен регионален развој.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за рамномерен регионален развој ќе се придонесе за поефикасно и поефективно исполнување на политиката за рамномерен регионален развој. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

## *Предлог - закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на законот ќе се усогласи Националната регулатива со соодветната во ЕУ во делот на користењето на финансиската поддршка во областа на рибарството и аквакултурата. |

**НПАА-поглавје:** 3.13 Рибарство и аквакултура

**НПАА-подрачје:** Рибарство и аквакултура

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7956

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Непречено користење на финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата со мерки и начин на доделување на средствата усогласен со ЕУ регулативите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог – закон за воспоставување на советодавен систем за земјоделство и рурален развој*

**Образложение:** Со овој закон се уредуваат условите за воспоставување на советодавниот систем за земјоделство и рурален развој, обезбедувањето советодавни услуги, условите за сертификација на советници, овластување, регистрација и лиценцирање на давателите на советодавни услуги, водење регистер на даватели на советодавни услуги и на советници, како и други важни прашања за организацијата и спроведувањето на советодавниот систем за земјоделство и рурален развој.

**НПАА-поглавје:** 3.11 Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8072

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на квалитетен советодавен систем преку обезбедување совети за правилна примена на законодавството на ЕУ и националното законодавство во областа на земјоделството и руралниот развој. Советодавниот систем се воспоставува со цел да се подигне и подобри нивото на знаење, вештините и капацитетот на земјоделците во руралните средини, преку обезбедување совети за правилна примена на добрите земјоделски и еколошки практики, како и помош во поддршката за подобрување на конкурентноста во земјоделството и оддржливите земјоделски практики.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот*

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за издавачка дејност*

**Образложение:** Со предложените измени и дополнувања на Законот за издавачка дејност се врши усогласување со Директивата 2006/123/ЕЗ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 12 декември 2006 година за услугите на внатрешниот пазар Усогласувањето со оваа Директива ќе овозможи утврдување на општата правна рамка, со која се добива широка разновидност на услуги, при што се земаат предвид различните карактеристики на секој вид дејност или професија и нејзиниот систем на регулирање, воведување одредби за урамнотежена комбинација на мерки, кои ќе вклучуваат насочено усогласување, административна соработка, одредба за слобода на обезбедување услуги и за поттикнување на развојот на кодексот на однесување за одредени прашања. треба да обезбеди високо ниво на заштита на целите од општ интерес, особено заштита на потрошувачите,

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за издавачка дејност ќе се усогласи домашната регулатива од оваа област со Директивата 2006/123/ЕЗ од 12 декември 2006 година за услугите на внатрешниот пазар, со што ќе се обезбеди утврдување на општата правна рамка, со која се добива широка разновидност на услуги, при што се земаат предвид различните карактеристики на секој вид дејност или професија и нејзиниот систем на регулирање. Воедно ќе се придонесе кон систем за утврдување издавачки стандарди, усовршен пристап кон издавачки програми, приоритетна поддршка на преводната продукција и на творештвото.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

## *Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники*

### *Предлог - закон за вработените во јавниот сектор*

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива во насока на унапреден процес на планирање на вработувањата и олеснета мобилност на вработените во институциите од јавниот сектор. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за вработените во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми

**НПАА-подрачје:** Реформа на јавната администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7743

**Очекувани влијанија:** Унапреден процес на стратешко, буџетско и планирање на човечки ресурси.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

### *Предлог - закон за административни службеници*

**Образложение** Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од законот за административни

: службеници, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива со преземање на мерки насочени кон намалување на ризиците од партизација на администрацијата, преку унапредување на постапките за селекција, јасно дефинирани услови за вработување и унапредување, зајакнување на капацитетите на комисиите за селекција, подобрување на системот за оценување, стручното усовршување на административните службеници, единствено и квалитетно управување со човечките ресурси. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за административни службеници.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми

**НПАА-подрачје:** Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7741

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на ризиците од политизација преку воведување на јасни критериуми во постапките за селекција и вработување и унапредување на процесот на оценување. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Предлог - закон за јавнообвинителска служба*

**Образложение:** Усогласување на Законот за јавнообвинителската служба со Законот за административни службеници согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор .

**НПАА-поглавје:** 3.23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0100.7755

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на начинот на уредување на правата, обврските и одговорностите на јавнообвинителските службеници и унапредување на јавнообвинителската служба воопшто. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

**Очекувани влијанија:** Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година се обезбедуваат средства за реализација на политиките и проектите планирани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и се определува максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кој не можат да се превземат дополнителни обврски.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година се обезбедува дефинирање на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, а со цел рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

# *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

## *Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА (Ноември 2023)*

**Образложение:** Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа“, во Босна и Херцеговина се испраќаат 32 (триесет и два) припадници на Армијата на Република Северна Македонија во состав на Турскиот контингент, за период од шест месеци сметано од мај

2023 до ноември 2023 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво |

**Фискални импликации:** Има: 60,648,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана*

**Образложение:** Потребно е утврдување на законски основ за донесување на национални ограничувања, со цел да се уреди надлежноста за донесување на националните ограничувања за регулирање на односите на припадниците на Армијата и вработените во Министерството за одбрана за време на учество во хуманитарни, меѓународни и НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана. Со дополнување на Законот, ќе се уреди дека националните ограничувања ќе ги донесува или Претседателот на Република Северна Македонија или Владата, а на предлог на министерот за одбрана. Исто така во Министерството за одбрана има потребата за измена и дополнување на делот од законот кој се однесува на Инспекциски надзор во одбраната, со цел усогласување на начинот на вршење на инспекцискиот надзор во одбраната, согласно Законот за

инспекциски надзор, кој е донесен во 2019 година и кој не се применува на организационата единица за вршење на инспекциски надзор во Министерството за одбрана.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со измена и дополнување на Законот за одбрана, се регулира функционирањето на Армијата, како и инспекциската служба во областа на одбраната. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники***

### *Предлог - закон за стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесувањето на овој Закон произлегува од потребата за воспоставување на единствен и функционален систем на стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија, кој ќе ги регулира во единствена законска рамка националните, долгорочните, среднорочните и краткорочните стратешки плански документи на државно и локално ниво. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на единствен и функционален систем на стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

# Декември

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог - закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот Предлог - закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа се доуредува постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетите на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, односно се усогласува со новиот Закон за буџети. Предлог- законот треба да биде во согласност со подобрувањата на системот на јавните финансии, со цел обезбедување на рамка за водење на здрава, предвидлива и одржлива фискална политика и зголемување на буџетска дисциплина и одговорност. |

**НПАА-поглавје:** 3.33 Финансиски и буџетски одредби

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со примената на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се очекува унапредување на управувањето со јавните финансии во согласност со европските стандарди. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог законот има за цел подобрување на одредбите поврзани со примената на начелото на супсидијарност и споделувањето надлежности со централната власт; премин од модел на монотипни во политипни општини со делокруг на надлежности прилагоден на нивните карактеристики; унапредување на транспарентноста, инклузивноста (функционирањето на партиципативните тела и алатки) и отчетноста; функционирањето на месните и урбани заедници, доуредување на надлежностите поврзани со вршење надзор од страна на Единиците на локална самоуправа и над законитоста на работата на органите на Единиците на локална самоуправа; унапредување на функционирањето на советите на Единиците на локална самоуправа, усогласување со Законот за еднакви можности на жените и мажите и со сите секторски закони со кои се уредуваат пренесените надлежности и други препораки опфатени со извршената оценката на спроведувањето на Законот. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Унапредување на системот на локалната самоуправа, подобрување на |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната отчетност, транспарентност и инклузивност. |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

## *Предлог - закон за органско земјоделско производство*

**Образложение:** Новиот Закон за органско земјоделско производство се усогласува со новата ЕУ Регулатива 848/2018 која од јануари 2022 започна со примена и е задолжителна за сите земји членки на ЕУ како и за трети земји кои вршат извоз на органски производи во ЕУ. Предмет на новата регулатива ќе биде проширување на списокот на производи како и дополнителни правила за производство. Со новиот Закон се предвидуваат проверки против измама и се зголемуваат контролите на сите органски оператори. Ќе се создаде база на податоци за да се олесни совпаѓањето помеѓу понудата и побарувачката.

**НПАА-поглавје:** 11 Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7940

**Очекувани влијанија:** Зајакнување на органскиот сектор и одржување на квалитетот на органскиот производ,обезбедување на оддржливи практики, спроведување на систем на следливост.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за основање на Агенцијата за безбедност на сообраќајот на патиштата*

**Образложение:** Главна причина поради која се прави оваа реформа е нефункционирањето на постојниот систем за следење и подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во контекст на уставно загарантираното право на безбедност и здравје. Бројките на жртви во сообраќајот на патиштата се прилично константни и високи. Формирањето на агенцијата ќе ја доведе Република Северна Македонија во чекор со најнапредните земји во однос на структурата за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 14 Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** Подрачје 14.1 Патен сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Нема усвоена преговарачка рамка за Кластер 4. Безбедноста на патиштата е ЕУ приоритет утврден во Рамката на политиката за безбедност на патиштата на ЕУ 2021-2030

**ЕПП:** Нема

**Очекувани влијанија:** Со предлагање на овој Закон врз основа на кој ќе се основа Агенцијата ќе се овозможи подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, и со тоа ќе се придонесе во намалувањето на бројот на жртвите во сообраќајот на патиштата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа*

**Образложение:** Подобрено функционирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа, јасно дефинирани надлежности, усогласување на одредбите на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа со другите релевани закони, дефинирање на одредби за надзор над законитоста на поединачни акти и надзор над работата на органите на општината која произлегува од Законот за локалната самоуправа.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнат надзор над работата на органите на општината. |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за локална самоуправа |

## *Предлог - закон за здравјето на растенијата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој закон се уредува здравјето на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетните организми кај растенијата, растителните производи и други објекти и предмети, превенција од нивно внесување и ширење, мерки за сузбивање, биолошки мерки за заштита на растенијата, пристапот и размена на информации и информатичкиот систем, трошоци и надоместоци, надлежност на органите, овластените служби, органи и тела во областа на здравјето на растенијата и се уредуваат и други прашања од областа на здравјето на растенијата. |

**НПАА-поглавје:** 3.12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8057

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија** | Имплементацијата на Законот за здравјето на растенијата има влијание врз: - заштита на растенијата и растителните производи од штетни организми; - спречување на внесувањето и ширењето на штетните |

| | |
|---|---|
| : | организми и обезбедување на нивно сузбивање со примена на мерки за заштита на растенијата, растителните производи и другите објекти и предмети; - откривање и одредување на штетните организми; - овозможување на оптимално производство на одгледуваните растенија и трговија со истите; - заштита на животната средина преку следење на штетните организми, воведување на биолошки мерки за заштита на растенијата, интегрална заштита и спроведување на мониторинг и прогноза; - насочување и следење на развојот на здравјето на растенијата и - обезбедување на соодветна едукација и информираност на граѓаните за подигнување на јавната свест за здравјето на растенијата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

### *Предлог - одлука за распоредување на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА (јануари 2024 – јули 2024)*

**Образложение:** Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа“, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина (јануари 2024 – јули 2024).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекуван** Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за

| | |
|---|---|
| **и влијанија:** | силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво. |

**Фискални импликации:** Има: 1,895,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

### *Предлог - закон за кривична постапка*

**Образложение:** Подобрување на текстот на Законот за кривична постапка преку отстранување на недостатоците и постигнување на целосна усогласеност со европското законодавство, при што ќе бидат вградени ЕУ Директивите во текстот на законот.

**НПАА-поглавје:** 3.23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.7910

**Очекувани влијанија:** Донесување на ново законско решение кое што ќе биде усогласено со најновите ЕУ Директиви.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

## *Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот*

### *Предлог - закон за младински стандард*

**Образложение:** Во соработка со Владата на Република Северна Македонија и невладиниот сектор, Министерството за образование и наука работи на предлог Закон за младински стандард кој ќе ги обедини законите за ученички и студентски стандард и законот за Субвенциониран студентски оброк.

**НПАА-поглавје:** поглавје 3,26 образование и култура

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрен младински стандард.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники*

### *Предлог- закон за архивска дејност*

**Образложение:** Неопходно е нормативно регулирање на процесите за чување, складирање, пристап и користење на трајните електронски документи во Државниот архив. Потребно е да се развие и имплементира систем за е-архивирање за да се имплементираат горенаведените процеси. Со преминот од хартиен промет на документи во електронски и зголемениот број на електронски документи, неопходно е да се гарантира нивната организација и чување во

администрацијата, како и преносот, евидентирањето, чувањето и користењето на трајните електронски документи во Државниот архив. Овие процеси може да се регулираат со развивање и имплементирање на систем за е-архивирање (Информациски систем е-Архив) и создавање на унифицирана нормативна и методолошка основа.

**НПАА-поглавје:** 3.10 Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7734

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Образложение на иницијативата: Неопходно е нормативно регулирање на процесите за чување, складирање, пристап и користење на трајните електронски документи во Државниот архив. Потребно е да се развие и имплементира систем за е-архивирање за да се имплементираат горенаведените процеси. Со преминот од хартиен промет на документи во електронски и зголемениот број на електронски документи, неопходно е да се гарантира нивната организација и чување во администрацијата, како и преносот, евидентирањето, чувањето и користењето на трајните електронски документи во Државниот архив. Овие процеси може да се регулираат со развивање и имплементирање на систем за е-архивирање (Информациски систем е-Архив) и создавање на унифицирана нормативна и методолошка основа. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

## *Предлог - закон за сметководство на буџетите и буџетските институции*

**Образложение:** Со донесувањето на новиот Закон за сметководство на буџетите и буџетските институции ќе се изврши реформата во областа на буџетското сметководството во насока на замена на „готовинското начело“, со таканареченото „модифицирано пресметковно начело“. Овој нов концепт на евиденција ќе овозможи пореално и поажурно следење на неподмирените обврски кај буџетските корисници. Воведувањето на „модифицираното пресметковно начело“ ќе ја наметне потребата и од развој на капацитетите на сметководствената професија во јавниот сектор. Реформата на сметководствената професија ќе опфати задолжителна обука и полагање на испит за сертификација на сметководителите во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** 3.33- Финансиски и буџетски одредби

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за сметководство на буџетите и буџетските институции, ќе овозможи пореално и поажурно следење на неподмирените обврски кај буџетските корисници и подигање на капацитетите на сметководителите во јавниот сектор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за административна соработка за даночни цели*

**Образложение:** Со донесување на новиот Закон за административна соработка за даночни цели ќе се воспостави еден од механизмите за ефективно спроведување на автоматска размена на даночни информации во согласност со Глобалниот стандард на ОЕЦД и притоа ќе се имплементира минималниот стандард 13 на БЕПС Инклузивната рамка на ОЕЦД. Имено, со Законот ќе се уреди и административната соработка во областа на оданочувањето помеѓу Република Северна Македонија и други држави (меѓу кои и земјите членки

на ЕУ) и автоматската размена на информации за извештаи по земји помеѓу Република Северна Македонија и други држави.

**НПАА-поглавје:** 3.16 - Оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ова мерка придонесува за подобрувањето на правната рамка за транспарентност и размена на информации, понатамошно зголемување на транспарентноста, соработката и одговорноста меѓу финансиските институции и даночната администрација во РСМ со финансиските институции и даночни администрации од другите земји, поголем поттик на даночните обврзници да ги пријавуваат сите релевантни информации. Предметниот Закон ќе придонесе кон борбата за намалување на глобалната даночната евазија. Дополнително, ова придонесува кон усогласување со меѓународните даночни стандарди, односно исполнување на минималниот стандард 13 на БЕПС Инклузивната рамка, кој се однесува на Извештај по земји, како и исполнување на препораките од Извештајот за Северна Македонија за 2021 година во Поглавје 3.16-Оданочување. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

### *Предлог - закон за вработување на лица со попреченост*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот закон за вработување на лица со попреченост ќе се воспостави нов концепт за вработување на лицата со попреченост, насочен кон вработување на отворениот пазар на труд со обезбедување на поволности насочени кон лицето кое се вработува. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Новиот концепт на вработување на лица со попреченост ќе овозможи нивно вработување на отворениот пазар на труд, поголема инклузивност, проактивност на лицето со попреченост и работодавачот и усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. |

**Фискални импликации:** Има: 3,400,060 ден

Светска Банка

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Предлог-закон за решавање банки*

| | |
|---|---|
| **Образложе ние:** | Со донесување на Законот за решавање банки ќе се имплементира Директивата 2014/59/EU за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми. |

**НПАА-поглавје:** 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 1-Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0700.7095

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со Законот за решавање банки ќе се уреди органот надлежен за решавање банки (resolution authority), институциите кои треба да имаат план за заздравување (recovery plan) и неговата содржина. Дополнително, со Законот ќе се пропише процесот и инструментите за решавање банки, како и воспоставувањето на банка-мост (bridge-bank). На тој начин, ќе се овозможи брза реакција на супервизорските органи во случај на појава на ризици во работењето на банките. Основната цел на Законот е да се одржи финансиската стабилност (преку обезбедување на пазарната дисциплина и довербата на јавноста во банкарскиот сектор), да се минимизира употребата на јавни средства и да се заштитат депонентите |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за управување со општински долгови*

**Образложение:** Со Законот ќе се уредат построги контроли на долгови, регулаторни механизми што ќе обезбедат спроведување на законодавство, воведување на подобар систем за рано предупредување и поттикнување на спроведувањето на фискалните правила и другите регулативи кои се однесуваат на долговите. Предлог- законот треба да биде во согласност со подобрувањата на системот на јавните финансии, со цел обезбедување на рамка за водење на здрава, предвидлива и одржлива фискална политика и зголемување на буџетска дисциплина и одговорност.

**НПАА-поглавје:** 3.33 Финансиски и буџетски одредби

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со примената на Законот за управување со општински долгови се очекува консолидација на финансискот работење на општините, намалување на долговите на општините и унапредување на управувањето со јавните финансии во согласност со европските станадарди.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за банките*

**Образложение:** Со донесување на новиот Закон за банките ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2013/36/EU за пристапот на активностите на кредитните институции и прудентната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (EU) бр.575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми.

**НПАА-поглавје:** 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 1 - Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0700.7094

**Очекувани влијанија:** Донесувањето на новиот Закон за банките ќе го зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Дополнително, имплементацијата на предложеното законско решение ќе го подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе ја зајакне супервизијата, во насока на зголемување на сигурноста на банкарскиот систем и заштита на депонентите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини*

**Образложение:** Изменување и дополнување на Законот за минерални суровини се прави во насока на усогласување на одредбите со Законот за заштита на личните податоци.

**НПАА-поглавје:** 3.27 Животна средина и климатски промени

3.15 Енергетика

3.03 Право на основање и слобода на давање на услуги

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0400.8219

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на заштита на личните податоци во управните постапки за издавање на Лиценци за изработка на геолошка документација и на рударски проекти согласно Законот за минерални суровини. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

***Предлог - закон за воведување на Единствениот регистар на осигуреници во задолжителното социјално осигурување***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел надминување на недостатоците и проблемите во размената и ажурурањето на податоците од задолжително социјално осигурување се предлага иницијатива за воведување на единствен регистар за осигуреници. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ова ќе придонесе во подобрување на квалитетот на податоците за осигурениците, намалување на грешките поради ненавремено ажурирање на промените, ефективност во промената и побрзо остварување на правата од социјално осигурување. |

**Фискални импликации:** Има: 6,725,000 ден

Светска Банка

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите***

**Образложение:** Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите ќе изврши ревидирање и усогласување на одредби од Законот, согласно искуството на Царинската управа на Република Северна Македонија во акцизното работење и практичната примена на новиот Закон за акцизите од страна на ЦУ кој е единствен надлежен орган за спроведување на одредбите од Законот за акцизите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на примената на постојната законска регулатива поврзана со акцизната проблематика.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог -закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем и Договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на мали и средни претпријатија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог-закон за меѓународна развојна соработка и хуманитарна помош*

**Образложение:** Надградба на постојната законска регулатива согласно критериумите за приближување кон ЕУ и потребите на државата.

**НПАА-поглавје:** 3.30-Надворешни односи

**НПАА-подрачје:** Развојна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2008.1200.4271

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасно дејствување во областа на развојната соработка и хуманитарната помош. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Предлог - закон за управување со алтернативни инвестициски фондови*

**Образложение:** Со донесувањето на Законот за управување со алтернативни инвестициски фондови ќе се изврши усогласување на домашната регулатива во областа на инвестициските фондови со европските директиви и регулатива во оваа област и тоа: - Директивата 2011/61/ЕУ за менаџери на алтернативни инвестициски фондови во Законот за менаџери на алтернативни инвестициски фондови. - Регулативата (ЕУ) бр.345/2013 за Европски фондови за ризичен капитал (EuVECA). Законот ќе ја регулира постапката за издавање и понуда на хартии од вредност и барањата за прием на хартии од вредност на регулираниот пазар, како и обврските за транспарентност на издавачите при тргување со хартии од вредност.

**НПАА-поглавје:** 09 - Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 4 – Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0700.8240

**Очекувани влијанија:** Со воспоставувањето на новата законска рамка во делот на алтернативните инвестициски фондови ќе се овозможи основање на различни типови на алтернативни инвестициски фондови, управувани од друштва за управување лиценцирани согласно евроопски регулативи и стандарди. Кај друштвата за управување ќе се пропишат обврски да воспоставуваат соодветни процедури за идентификување, спречување, следење и контрола на судирот на интереси, соодветен систем за управување со ризици од вложувањата на вкупното портфолио на фондот, систем за управување со ликвидноста, понатаму обврска за вреднување на средствата на фондовите со кои управува и заради зголемување на транспарентноста во работењето друштвото ќе биде должно да изготвува ревидирани годишни финансиски извештаи за друштвото и за секој фонд со кој управува. Дополнително, како посебен вид на фондови ќе бидат уредени фондовите со ризичен капитал.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

### *Предлог - закон за заштита на културното наследство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и др. прашања за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во Република Северна Македонија. Новиот Закон за заштита кој се предлага да се донесе треба да обезбеди решавање на проблеми кои се пројавија во изминатиот период преку нова организациона поставеност на институциите за заштита на културното наследство особено во однос на предметот на работа на институциите за заштита и јасно дефинирани надлежности на Управата за заштита на културно наследство. |

**НПАА-поглавје:** Образование, култура и млади

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0300.8197

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со изработката на нов Закон за заштита на културното наследство, ќе се обезбедат услови за системска заштита на културното наследство на сите нивоа. Постојниот Закон за заштита на културното наследство е усогласен со Директивата 93/7/ЕЕЗ за враќање на културните добра незаконски изнесени од територијата на земја членка, Директивата 96/100/ЕЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 17.02.1997 година за дополнување на Анексот на Директивата 93/7/ЕЕЦ и Директивата 2001/38/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 јуни 2001 година за измени на Директивата 93/7/ЕЕЦ за враќање на културните добра незаконски одземени од територијата на државите членки и Директивата 2014/60/ЕУ од 15 мај 2014 година за враќање на предмети од областа на културата кои се незаконски извезени од територијата на земја членка и за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 1024/2012. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

### *Предлог - закон за сметководство*

**Образложение:** Со донесувањето на новиот Закон за сметководство ќе се постигне усогласување на Националното законодавство со Директивата 2013/34 за годишни финансиски извештаи, консолидирани финансиски извештаи и поврзани извештаи за одредени видови на компании и Директивата 2014/95 со која се менува Директивата 2013/34 во врска со објавувањето на нефинансиските информации и информации за разновидност на одредени големи компании и групи.

**НПАА-поглавје:** 06- Право на трговски друштва

**НПАА-подрачје:** 2 – Сметководство и ревизија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на новиот Закон за сметководство, се очекува да се подигне нивото на квалитет на финансиското известување во земјата, што претставува еден од предусловите за создавање на подобра деловна средина. Воедно, донесувањето на новиот Закон за сметководство се очекува да влијае на подобрување на проценката на идните активности на компаниите, што ќе им овозможи на инвеститорите да носат подобри инвестициски одлуки врз основа на транспарентни финансиски извештаи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Изборниот законик*

**Образложение:** Се предлага Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборен законик.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Предлог - закон за заштита на укажувачи*

**Образложение:** Спроведените анализи за оценка на спроведувањето и степенот на усогласеноста на националното законодавство со меѓународните стандарди од областа ЗАШТИТЕНО ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ покажуваат дека во националното законодавство веќе се вградени клучните меѓународни стандарди, но и дека се потребни измени во насока на надминиување на идентификувани недостатоци кои може да придонесат за незадоволително ниво на нивно спроведување, особено имајќи предвид дека Законот за заштита на укажувачи е донесен пред освојувањето на ЕУ Директивата 2019/1937 (најнов стандард во областа).

**НПАА-поглавје:** 3.23 - Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекуван** Надминување на идентификуваните недостатоци и недоследности во

| | |
|---|---|
| **и влијанија:** | одредени одредби, кои може да придонесат за незадоволително ниво за спроведување на Законот за заштита на укажувачи, усогласување со ЕУ Директивата 3019/1937, посредно позитивни економски влијанија, социјални влијанија и влијанија врз животната средина. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

## *Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники*

### *Предлог - закон за безбедност на мрежи и информациски системи*

**Образложение:** Овој Закон ги утврдува мерките со цел постигнување на високо ниво на безбедност на мрежните и информативните системи во Република Македонија, соодветни на стандардите и мерките определени во рамките на Европската Унија со цел да се подобри функционирањето на внатрешниот пазар. Со овој закон ќе се транспонира НИС директивата на Европската унија (DIRECTIVE (EU) 2016/1148 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL concerning measures for a high common level of security of network and information systems across the Union).

**НПАА-поглавје:** 3.10. Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0007.7986

**Очекувани влијанија:** Обезбедување високо заедничко ниво на безбедност и заштита на мрежи и информациски системи заради нивно непрекинато функционирање, превенција на сајбер безбедносни инциденти или кризи, развој на брза и ефективна оперативна соработка за заштита на мрежи и информациски системи, како и одговор и справување со настанати инциденти по безбедноста на мрежите и информациските системи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## Иницијатива со низок приоритет

**Приоритет:**

***Не е поврзан со стратешки приоритет***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија***

**Образложение:** Изменувањата и дополнувањата на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија се вршат заради доуредување во делот на воспоставување на правен основ за продолжување на запишување на сорти во националната сортна листа, доуредување на постапката за упис на автохтони сорти во националната сортна листа, поедноставување на постапките за вршење на посебни испитувања на сортите, како и постапката за испитување на нови сорти при запишување во националната сортна листа. Исто така се прават дополнување на поимите во постоечкиот закон, доуредување на дефинирање на условите за тргување со сорти од овошни растенија, доуредување на постапката за издавање на официјални етикети за сертифициран семенски и саден материјал и правната рамка за постапување на овластените правни лица и лабораториите во процес на сертификација.

**НПАА-поглавје:** 3.12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8163

**Очекувани влијанија:** Со измената на законот се очекува поедноставување на постапките за запишување на сортите, зголемување на правната сигурност на снабдувачите и овластените лица, зголемување на кокурентноста, како и зголемување на понудениот квалитет на семенски и саден материјал.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

# II ДЕЛ

# Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

# Јануари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година***

**Образложение:** Со донесување на пограмата ќе се обезбедат финансиски средства за непречена реализација на развојните и инвестицицските мерки во рибарството и аквакултурата и ќе се утврдат субјектите корисници, како и начинот и роковите за користењето на финансиската поддршка во 2023 година.

**НПАА-поглавје:** 13. Рибарство

**НПАА-подрачје:** Структурни активности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7992

**Очекувани влијанија:** Преку реализација на мерките предвидени во програмата со ивестициите и директана поддрчка во делот аквакултурата се очекува модернизација на рибничките капацитети, а со тоа и зголемување на аквакултурноро производтва, а во делот на рибарството подобрување на состојбата на рибниот фонд во отворените риболовни води, особено во трите природни езера заради користење на рибите на одржлив начин.

**Фискални импликации:** Има: 90,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за 2023 година*

**Образложение:** Годишната програма е законска обрска на Агенцијата за стоковни резерви која произлегува од Законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) и е услов за користење на средствата од Буџетот согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на Програмата за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви ќе се овозможи редовно обновување на стоковните резерви, со што Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со квалитетни стоки за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи, како и по поголемо нарушување на пазарот.

**Фискални импликации:** Има: 785,340,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Агенција за стоковни резерви

## *Предлог - програма за фитосанитарна политика за 2023 година*

**Образложение:** Програмата за фитосанитарна политика 2023 – во програмата се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитатниот систем во текот на 2023 година. Во рамките на програмата се обезбедуваат средства за реализација на фитосанитарниот мониторинг над стратешките земјоделски култури (на отворено и во затворен простор), реализација на мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од

производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство, одржување и проширување на фитосанитарниот информациски систем, реализација на Договорите за јавни овластувања, следење, прогноза и известување за појавата на штетни организми, спроведување на фитосанитарни мерки во случај на појава и сузбивање на штетни организми кај растенијата, одржлива употреба на фитофармацевтските производи, спроведување на активности за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи, пренесување на искуства и применливи техники од најновите научни достигнувања.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на Програмата за фитосанитарна политика за 2023 година се овозможува ефикасно функционирање на фитосанитарниот систем во Република Северна Македонија, преку реализацијата на фитосанитарниот мониторинг и мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2023 година, надградба на фитосанитарниот информациски систем заради целосно интегрирање на сите надлежни органи, проширување на системот за пасоши на растенија, спроведување на фитосанитарни мерки за сузбивање на карантински штетни организми во случај на нивен каламитет во одредено подрачје на земјоделски површини во Република Северна Македонија, како и реализација на активностите кои произлегуваат од Законот за фитофармација |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - програма за рамномерен регионален развој во 2023 година*

**Образложение:** Уредување на распределбата на планирани средства за поттикнување на рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 22.Регионална политика и координација со структурни фондови

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони, зголемен квалитет на животот на граѓаните.

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

## *Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година*

**Образложение:** Уредување на распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за намалување на диспаритетите/разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година.

**НПАА-поглавје:** 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани** Намалени диспаритети, зголемена конкурентност, повисок

**влијанија:** животен стандард и зголемен квалитет на живот на граѓаните.

**Фискални импликации:** Има: 160,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

## *Предлог - програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година*

**Образложение:** Согласно член 7 став (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој за долгорочно планирање на националната земјоделска политика, а во насока на остварувањето на секторските цели предвидено е изработка на годишна Програма за финансиска поддршка во земјоделството врз основа на Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2028 година. Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој е плански и оперативен документ за спроведување на националната политика за земјоделство и рурален развој која ги содржи политиките на пазарно-ценовна политика и мерки на рурален развој, нивните мерките и инструменти презентирани во временски контексти со индикативна финансиска рамка. Всушност програмата ги поврзува стратешките документи на политиките пред се Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2021-2027 година и повеќегодишното буџетско планирање, со годишните оперативни програми и годишните уредби за спроведување на земјоделските и рурални политики.

**НПАА-поглавје:** 11 Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Хоризонтални прашања

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7936

**Очекувани влијанија:** -зголемено производство на храна, -намалена зависност од увоз на храна -конкурентно производство, -намалување на сива економија и -

усогласување со европските шеми за директни плаќања.

**Фискални импликации:** Има: 6,500,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на дирекните плаќања за 2023 година*

**Образложение:** Согласно член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој поблиските критериуми, корисниците, максималните износи и начинот на исплата ги пропишува Владата на предлог на министерот со Уредба по која постапува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој која врши исплата.

**НПАА-поглавје:** 11 Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Хоризонтални прашања

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7937

**Очекувани влијанија:** -зголемено производство на храна , -намалена зависност од увоз на храна -конкурентно производство, -намалување на сива економија. -усогласување на шемите на дирекни плаќања со европските шеми за дирекни плаќања -поддршка на доходот на земјоделските стопанства

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог - годишна програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2023 година***

**Образложение:** Определување на ветеринарните мерки и контроли кои треба да се извршат во 2023 година за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување висок степен на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите.

**Фискални импликации:** Има: 30,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

Б) Материјали

***Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши***

**Образложение:** Укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија и туризам. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Предлог - оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи го во предвид проблемот на релативно висока стапка на невработеност (14,5% II квартал 2022 година) и стапката на невработеност на младите лица (15-29 години) во Република Северна Македонија (24,3% II квартал 2022 година), во Оперативниот план за 2023 година, ќе се дефинираат видови на програми / мерки за вработување што ќе се имплементираат и со кои ќе се настојува да се зголеми опфатот на невработени лица. Оперативниот план ќе ги вклучува и потребните финансиски средства за имплементација на програмите/мерките за вработување и извори на финансирање, како и институциите надлежни за спроведувањето. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

Потпоглавје 3.19.4

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Политики за вработување и Европски социјален фонд

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија** | Сите невработени лица евидентирани во АВРСМ ќе имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2023 година. Приоритетот за учество се определува |

| | |
|---|---|
| **:** | врз основа на условите и критериуми утврдени за секоја одделна услуга/програма. Како општо правило, во сите услуги и програми за вработување наведени во Оперативниот план ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмалку 30%. |

**Фискални импликации:** Има: 2,100,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измените и дополнувањата на постојаната Уредба се неопходни за да се подобри нејзината примена, како и да се ревидира и начинот на распределба на средствата остварени како приход од надоместокот од производство на енергија од фосилни горива. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Порационално, поправично и поефикасно искористување на средствата остварени како приход од надоместокот од производство на енергија од фосилни горива. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за подготовка на дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација кој ќе се одржи на 9 март 2023 година преку видео - конференциска врска*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи на 9-ти март 2023 преку видео - конференциска врска, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот.

**НПАА-поглавје:** Реформа на јавна администрација

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Успешна подготовка на состанокот на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

### *Информација за одбележување на 30-годишнина од воспоставување на дипломатски односи со Република Бугарија, Република Албанија и Босна и Херцеговина*

**Образложение:** Во 2023 година се навршуваат 30 години од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Република Бугарија, Република Албанија и Босна и Херцеговина. Одбележувањето на годишнината е со цел одржување на добрите и пријателски односи со трите држави.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Организирањето на заеднички настани за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Република Бугарија, Република Албанија и Босна и Херцеговина, ќе допринесе за натамошно унапредување и продлабочување на односите и соработката со трите држави.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Информација за одржување на трета годишна конференција во рамките на Преспа форумот за дијалог во текот на 2023 година*

**Образложение:** Согласно одлука на Влада, воспоставен е Преспа форумот за дијалог, како своевиден бренд кој ќе придонесе за афирмација на Република Северна Македонија на меѓународен план. Во негови рамки планирано е одржување на годишна конференција, со учество на видни домашни и меѓународни политички лидери и познати личности од бизнисот, академската средина и невладиниот сектор. Политичката тежина и важност форумот ја црпи од пораките и искуството на Република Северна Македонија од потпишувањето и реализацијата на трите договора (Преспанскиот, ДПДС,Охридски рамковен), односно нивниот придонес во развојот и унапредувањето на Република Северна Македонија како современа, европска држава, како и во зајакнувањето на нејзината позитивна слика на меѓународен план. Проектот се реализира од Министерството за надворешни работи на Република

Северна Македонија во соработка и координација со Владата и други владини и државни институции.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Континуитет во работата на Преспа форумот за дијалог со организирање на третата конференција на годишно ниво, а со тоа и промоција на „успешната приказна“ на внатрешно и надворешно-политичкиот курс на Северна Македонија, поврзана со трите договори (Охридскиот рамковен договор, Преспанскиот договор и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија). |

**Фискални импликации:** Има: 12,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Информација за воспоставување ефикасен систем на правна и стручна ревизија на преводите на правото на ЕУ (acquis) и сите документи од важност за процесот на европската интеграција на Република Северна Македонија како една од клучните фази на процесот за подготовката на националната верзија на правото на ЕУ (acquis)*

**Образложение:** Преводот на правото на ЕУ претставува наша обврска која мора да биде извршена со највисок квалитет и да се одвива континуирано. Квалитетна и навремена подготовка на правото на ЕУ е предуслов, како за преговорите, така и за севкупниот процес на европската интеграција на државата. Употребата на усогласена и верификувана терминологија е предуслов, со кој успешно ќе се реализира процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ, а исто така, ќе се избегнат лошите практики и финансиските импликации во иднина кои би произлегле од неточни и неусогласени верзии

на преводот на правото на ЕУ. Се предвидува стручна и правна ревизија за дефинирање, утврдување, верификација и стандардизирање на правната и стручната терминологија од правото на ЕУ. Потребата за стручна и правна ревизија е поради усогласена и верификувана терминологија, како и униформното толкување и примена на правото на ЕУ, со постојана употреба на терминологија од актите опфатени со правото на ЕУ.

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на структурата и капацитетите во подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) за поефикасно и поделотворно исполнување на обврската за превод на правото на ЕУ и сите придружни документи важни за процесот на евроинтеграција на земјата. Градење на структури за изработка на национална стратегија за заштита на македонскиот јазик и македонскиот правен јазик во ЕУ. Националната верзија на еден правен акт на ЕУ не е обичен информативен превод, туку правно-обврзувачки документ на национален јазик што е директно применлив во идната земја членка и во иднина може да има несогледливи фискални импликации и правна несигурност. Од суштинско значење е да се има предвид дека проектот за „преведување“ на правото на ЕУ првенствено е правен, стручен и јазичен проект што треба да вклучува не само преведувачи, туку и правници и експерти кои се занимаваат со изготвување на националното законодавство и транспонирање на законодавството во националните закони |

**Фискални импликации:** Има: 800,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за подготовка на Деветнаесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, во рамките на***

### *Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, март 2023 година преку видео-конференциска врска*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.22 регионална политика и координација на структурни инструменти и 3.27 Животна средина и климатски промени.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Успешна подготовка на состанокот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

А) Подзаконски акти

### *Предлог – одлука за добивање согласност на студиските програми за прв циклус на студии на Воената академија*

**Образложение:** Согласно член 10 став (2) од Законот за Воената академија, согласност на студиските програми за прв циклус на студии на Воената академија дава Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Започнување и реализација на наставниот процес согласно одобрените студиски програми за прв циклус на студии. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Предлог – одлука за добивање согласност на студиските програми за втор циклус на студии на Воената академија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 10 став (2) од Законот за Воената академија, согласност на студиските програми за втор циклус на студии на Воената академија дава Владата на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Започнување и реализација на наставниот процес согласно одобрените студиски програми за втор циклус на студии. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

| *Предлог – одлука за добивање согласност на студиските програми за трет циклус на студии на Воената академија* |
|---|

| | |
|---|---|
| **Образложе ние:** | Согласно член 10 став (2) од Законот за Воената академија, согласност на студиските програми за трет циклус на студии на Воената академија дава Владата на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Започнување и реализација на наставниот процес согласно одобрените студиски програми за трет циклус на студии. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

Б) Материјали

| *Информација за донесување на Концептот за поддршка од земјата домаќин* |
|---|

| | |
|---|---|
| **Образл ожение :** | Согласно концептот на НАТО за Оспособување на областите на одговорност на Врховниот командант на сојузничките сили за Европа, при дефинирање на надлежностите, одговорностите и функциите за поддршка од земјата домаќин (ПЗД) на државните органи се применува холистички владин пристап. Ваквиот пристап е потребен со оглед на фактот дека оспособувањето е задача доста поширока од воената логистика бидејќи ги надминува националните, воените, цивилните и комерцијалните димензии. Република Северна Македонија почитувајќи ги обврските од членството во НАТО потребно е да воспостави национален систем за поддршка од земјата домаќин. Поддршката од земјата домаќин побарува подготовка и соодветен ангажман на органите на државната управа и Армијата, како би се создале |

услови за непречен престој, изведување на операција или транзит на сојузничките сили низ територијата на државата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Правилното функционирање на системот за поддршка од земјата домаќин е од клучно значење за одбраната на земјата и нејзиниот кредибилитет како сојузник и партнер. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Информација за поддршка од страна на Армијата на другите државни институции (во случај на природни и други настанати катастрофи), а во функција на јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на мисијата на Армијата на Република Северна Македонија, во последните 5 години Армијата има ангажирано одредени капацитетите со кои има активно учество во операции за поддршка: - на силите на МВР во справување со закани, ризици и опасности по безбедноста на Република Северна Македонија, а кои ги надминуваат нивните способности и капацитети, како и справување со кризната состојба со мигранти на јужната и северната граница на Република Северна Македонија; - на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во справување со поплави и пожари на целата територија на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со воспоставување на систем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната, каде Армијата ќе може да извршува операции за поддршка на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на природни непогоди и катастрофи, кризна и вонредна состојба, а при тоа редовното функционирање на Армијата да не биде доведено во прашање, додека пак Владата на Република Северна Македонија ќе има на располагање соодветни капацитети на Армијата опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање во сите горе наведени состојби. |

**Фискални импликации:** Има: 24,696,490 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | НАТО процесот на одбранбено планирање е комплексен и се спроведува во циклуси од по 4 години, преку пет фази во секој циклус. За имплементација потребна е меѓуресорска координација и соработка на национално ниво, со НАТО и со земјите членки. Овој процес покрај за Министерството и Армијата предизвикува обврски за повеќе национални институции, односно содржи и обврски за цивилна подготвеност и стабилизација и реконструкција. Процесот побарува постојана координација, следење на реализацијата и превземање мерки за унапредување на националните капацитети, како и нивна подготовка за распоредување во НАТО операции, согласно прифатените рокови. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Во 2021 година Република Северна Македонија го прифати првиот пакет Цели на Способности, а на 29 јули 2022 година во седиштето на НАТО се одржаа мултилатералните разговори на кои се финализира НАТО Извештајот на одбранбени способности 2022 на Република Северна Македонија (чекор 5). Воедно со усвојувањето на Извештајот на одбранбените способности од страна на министрите за одбрана на состатокот на Северноатлантскиот совет на 12-13 октомври 2022 година официјално НАТО го започна првиот чекор од НАТО процесот на одбранбено планирање во чии рамки ќе бидат изработени и донесени Политичките насоки 2023 година (чекор 1). Од страна на Владата, Министерството за одбрана е задолжено редовно да ги следи сите чекори и обврски за Република Северна Македонија кои произлегуваат од НАТО Процесот на одбранбено планирање. Со континуирана имплементација на овој процес Република Северна Македонија ги исполнува обврските од членството во НАТО, со цел кредибилен придонес во безбедносната структура на Алијансата. |

**Фискални импликации:** Има: 60,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Информација за Акциониот план за Претседавање на Република Северна Македонија со САД - Јадранската Повелба во првата половина на 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Придонес кон обврските во рамки на билатералната соработка, мултилатералните форуми и унапредување на регионалната соработка. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Видлива улога на Република Северна Македонија како кредибилен член на НАТО. |

**Фискални импликации:** Има: 2,038,200 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

Б) Материјали

### *Информација за Планот за спроведување на надзор врз одредбите на Судскиот деловник (АКМИС)*

**Образложение:** Со измените и дополнувањата на Законот за судовите од мај 2018 година, се предвиде обврска на Министерството за правда да врши редовен годишен надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник. Надзорот е предвидено да го врши Комисијата составена од двајца дипломирани правници и двајца информатичари обучени за функционалноста на начинот на работа на АКМИС. Согласно законот, министерот за правда во работата на Комисијата може да вклучи надворешни експерти. Со Планот за надзор на годишно ниво се предвидува обврска на Комисијата да спроведе надзор врз судовите и за тоа на полугодишно ниво да ја известува Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се исполни законската обврска за спроведување надзор над работата на судовите и примената на Судскиот деловник. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

## *Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники*

Б) Материјали

### *Информација за план за поставување базни и мобилни станици за издавање на пасоши во дипломатските и конзуларните претставништва на Република Северна Македонија*

**Образложение:** Подобрување на конзуларните услуги.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Скратување на времетраењето и поголема ефикасност во постапката на издавање на патни исправи во Дипломатско конзуларните претставништва, зголемување на јавната безбедност.

**Фискални импликации:** Има: 7,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување***

Б) Материјали

***Информација за Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2023 година***

**Образложение:** Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и создавање услови за негово активно вклучување во креирањето на политики.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Граѓанското општество значително ќе придонесе за обезбедување заштита на човековите права и фундаментални слободи, особено во однос на помошта што им се дава на најранливите категории.

**Фискални импликации:** Има: 20,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

## *Предлог- годишна програма за национална инфраструктура на просторни податоци за 2023 година*

**Образложение:** Обврската за доставување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци за 2023 година произлегува од член 22 став 3 од Законот за национална инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија според кој Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци ја донесува Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Агенцијата за катастар на недвижности, по претходно добиено мислење од Советот на НИПП. Годишната програма содржи активности поврзани со хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоција на националната инфраструктура на просторни податоци, креирање на метаподатоци, креирање на веб услуги, хармонизација и стандардизација на просторните податоци и услуги, како и информација за средствата потребни за нивна реализација и изворите на средствата. Наведените активности се во корелација со европската INSIRE директива.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Одржување и управување на националната инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија и олеснување на пристапот, размената, употребата и дистрибуцијата на стандардизираните просторни податоци и услуги помеѓу владините институции на ефикасен, ефективен и усогласен начин.

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден

Други извори

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Агенција за катастар на недвижности

## *Прелог - програма за заштита на потрошувачите за периодот 2023 година*

**Образложение:** Програмата се донесува согласно член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15,152/15 и 180/18), Според кој Владата на Република Северна Македонијаја донесува Програмата на предлог на министерот за економија за период од две години.

**НПАА-поглавје:** 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачите

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата на Република Северна Македонија да донесе Програмата за заштита на потрошувачите за 2023 година.

**Фискални импликации:** Има: 2,650,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог - програма на економски реформи 2023-2025 година*

**Образложение:** Програмата за економски реформи претставува кохерентен стратешки документ кој ја презентира националната економска политика на земјата. Програмата се осврнува на остварените економски движења, ги претставува предвидувањата за наредниот тригодишен период, тригодишната фискална рамка и ги презентира клучните структурни реформи за поддршка на економскиот раст и конкурентноста на земјата. Преку изработка на оваа Програма, Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ ја применува праксата на интегрирано економско управување со цел, по зачленувањето, полесно да се премине во процесот на Европскиот семестар на ЕУ за водење на економските политики, како и да биде способна

да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата.

**НПАА-поглавје:** Економски критериуми; 3.17 Економска и монетарна унија

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Програмата треба да се воспостави среднорочна макроекономска и фискална рамка, со агенда за структурни реформи, конзистентна со севкупните политики за обезбедување на економски раст и конкурентност на земјата, како и подготовка за постепено интегрирање во мултилатералното фискално известување во контекст на ЕМУ (Европска монетарна унија). |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (прво дополнување)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог- годишна програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за доставување на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 произлегува од член 4 став 3 од Законот за катастар на недвижности според кој: Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремени и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата, зголемен процент на запишани недвижности во катастарот на недвижности, ажурни, усогласени и унифицирани податоци во катастар на недвижности, усогласување на геодетска референтна инфраструктура во Република Северна Македонија со современи европски стандарди со референтни системи, воведување на Графички регистар на улици и куќни броеви кој ќе овозможи воведување на стандарди поврзани со адресите и куќните броеви, нивен графички приказ, можност за пребарување и идентификација на улиците, зградите и становите во просторот, одржување на Регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба, ласерско скенирање на територијата на Република Северна Македонија, површина на која е извршено ласерско (LIDAR) скенирање на теренот и за која е изготвен соодветен DTM/DSM, изработени нови картографски производи и ставена во примена нова државна картографска проекција. |

**Фискални импликации:** Има: 717,350,000 ден

Други извори

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| **Предлагач:** | Агенција за катастар на недвижности |
|---|---|

Б) Материјали

***Предлог- стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2023-2025 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврска за доставување на Стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за период 2023-2025 година произлегува од член 4 став 2 од Законот за катастар на недвижности, според кој: Стратешкиот план го донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Агенцијата за период од три години, кој по потреба може да се менува, односно дополнува. Стратешкиот план на Агенцијата ги одразува целите и приоритетите како и планираните реформски процеси во областите за кои е надлежна Агенцијата, за период од три години, и истите се усогласени со Програмата на Владата на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | - Навремени и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис- заедницата и подобрување на деловното окружување преку ефикасна реализација на постапките во одржувањето на катастарот на недвижностите; - Зголемување на процентот на запишани недвижности во катастарот, ажурни, усогласени и унифицирани податоци во катастарот на недвижности; - Препознатливост и присутност во јавноста со секогаш нови информации. Прес клипинг на објави и гостувања во медиумите; - Обучени професионални корисници за online пристап и користење на податоците |

од геодетско катастарскиот информационен систем (ГКИС) преку реализација на обуки од областа на катастарот на недвижности, геодетските и информатичките работи; - Подобрување на ефикасноста на користење на електронскиот систем од страна на професионалните надворешни и внатрешни корисници; - Вршење на геодетски работи за посебни намени; - Зголемен број на запишани права на сопственост врз недвижностите

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

Други извори

**Предлагач:** Агенција за катастар на недвижности

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски доатации на општините за 2021 година*

**Образложение:** Основ за донесување на одлука е членот 2 од Уредбата за методологијата за распределба на срествата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, согласно кој средствата остварени по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива ги распределува Владата на Република Северна Македонија преку буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање како наменски дотации, на предлог на министерот за локална самоуправа. Средствата остварени по основ на надоместокот се распределуваат на општините на чиешто подрачје обврзникот за плаќање на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива ја остварува својата дејност во воздушен радиус од 10 км од местополошбата на инсталацијата и тоа преку фиксен и варијабилен дел.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена заштита на животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор на подрачјето на општините корисници на средствата. |

**Фискални импликации:** Има: 20,835,954 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за локална самоуправа |

Б) Материјали

## *Информација за спроведување на ИПА проектот "Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Кичево" (градба и надзор)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестиции во инфраструктурата, како и создавање на услови за еколошки одржлив развој со спречување на загадувањето на површинските и подземните води во Кичево. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за донесување на Програма за управување со водите за 2023 година*

**Образложение:** Со програмата се утврдуваат средства за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода,хидрогеолошки и други истражувања, подготовка и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување и др.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување со управувањето со водите во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

## *Информација за програмата и приоритетите на Претседавањето на Кралството Шведска со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за Шведското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за неформалните министерски состаноци на ЕУ за време на Шведското претседателство со Советот на ЕУ. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот*

А) Подзаконски акти

## *Предлог - програма за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2023 година*

**Образложение:** Во духот на унапредување и јакнење на врските со нашата дијаспората во регионот и во светот преку зачувување на нивниот културен и јазичен идентитет се придонесува кон промовирање на интересите на Република Северна Македонија и сметаме дека несомнено финансирањето на проекти од здруженија и организации од дијаспората е од големо значење пред се во однос на градење на доверба и во насока на воспоставување и одржување на постојани блиски односи со дијаспората. Сакаме да наведеме дека проектот со ист карактер веќе е реализиран од кабинетот на поранешниот министер во Владата на РСМ задолжен за дијаспора г. Едмонд Адеми за 2019 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставување, унапредување и јакнење на врските со дијаспората преку придонес за зачувување на нивниот културен и јазичен идентитет и промовирање на интересите на нашата држава преку разни активности и проекти на здруженија од дијаспората.

**Фискални импликации:** Има: 6,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министер без ресор задолжен за дијаспора

Б) Материјали

***Предлог- одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година***

**Образл** Министерството за култура Согласно член 70-в од Законот за културата

| | |
|---|---|
| **ожение :** | донесува годишна Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата, на која согласност дава Владата. Преку оваа програма се реализираат капиталните инвестициони проекти на Министерството за култура. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Донесување на одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година. Со донесување на одлуката, се дава согласност за примена на Програмата и реализација на предвидените капитални инвестициони проекти во областа на културата. Реализацијата на овие проекти директно влијае на подобрувањето на условите за работа на установите и развојот на културата, а индиректно влијае врз севкупните економски параметри во државата. |

**Фискални импликации:** Има: 510,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за култура |

## Иницијатива со низок приоритет

**Приоритет:**

***Не е поврзан со стратешки приоритет***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за семе и саден материјал во 2023 година***

**Образложение:** Со Програмата за семе и саден материјал во 2023 година се овозможува запишување на сорти од видови на земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола на производството на сертифициран семенски материјал пуштен во трговија, чување и одржување на семенски и саден материјал, имплементација на подзаконски акти од областа на семенски и саден материјал и нивно усогласување со ЕУ законодавството.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со активностите од програмата се овозможува запишување на сорти од видови на земјоделски растенија, се воспоставува контрола над произведениот сертифициран семенски материјал од земјоделските растенија со единствена цел зголемување на приносот по единица површина, како и континуирано чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банки.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

# Февруари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

Б) Материјали

***Информација за поведување постапка иницијатива за еднострано времено укинување на визи за државјани на Република Азербејџан***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Времено укинување на визи за државјани на Република Азербејџан. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија и туризам. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

***Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

А) Подзаконски акти

***Предлог - годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2023 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Просторното планирање како интердисциплинарна дејност од стратешки карактер обезбедува рационална организација, користење и заштита на просторот. Неговата улога е воспоставување на баланс помеѓу |

расположивиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси односно дефинирање на просторен модел за рационална организација, уредување и заштита на просторот, усогласено функционирање на постојните и планираните инфраструктурни системи, рационално искористување на природните ресурси, заштита и ревитализација на создадените вредности.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Следење на состојбата со спроведување на Просторниот План на Република Македонија и спроведување на Законот за спроведување на Просторниот План на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2004). |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Предлог - годишна Програма за заштита на природата за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврска од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) На предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, Владата на Република Северна Македонија донесува Годишна програма за заштита на природата. Со оваа програма се утврдуваат активностите кои ќе се реализираат во 2023 година заради унапредување на заштитата на природата во Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Добивање на релевантни податоци за состојбата со природата во заштитени подрачја и надвор од нив. Збогатување на базата на податоци за природното наследство. Добивање на податоци за состојбата со природата, со што ќе се придонесе за полесно спроведување на управната постапка, согласно Законот за заштита на природата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Предлог - Годишна програма за финансирање на управување со посебни текови на отпад за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Средствата собрани од надоместокот за управување со посебни текови на отпад (ќеси, пакување, отпадна електрична опрема и др.), уплатени согласно со прописите за посебните текови на отпад, се користат за поттикнување на активности за постигнување на националните цели за посебните текови на отпад утврдени во прописите за посебните текови на отпад. Финансирањето и реализацијата на активностите се врши врз основа на Годишна програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад што министерот ја предлага за наредната година, а ја донесува Владата на Република Северна Македонија најдоцна во месец декември во тековната година. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поттикнување и реализација на активности за постигнување на националните цели за посебните текови на отпад утврдени во прописите за посебните текови на отпад. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за завршување на втората и почеток на третата фаза од Заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа - Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција (2023 – 2026)*

**Образложение:** Иницијативата е со цел информирање за завршување на втората и почеток на третата фаза од Заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа - Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција (2023 – 2026), кој се спроведува од 2016 година во земјава.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Образложение:** Државното правобранителство на Република Северна Македонија има потреба од обнова на информатичката опрема, одржување и поддршка на опремата и софтверот и обновување на веб страната, со што би се постигнало брзо и ефикасно спроведување на управувањето, сигурноста и заштитата во заведувањето и распоредувањето на предметите и тоа од доставување на писмената, прием, отворање и прегледување на писмена, поднесоци, документи и податоци во електронска форма, работата на архивата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во однос на водење на уписниците, образување на предмети, предавање на предмети во работа како и пристап до повеќе информации за Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** Работна група 23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Брзо и ефикасно спроведување на управувањето, сигурноста и заштитата во заведувањето и распоредувањето на предметите кои се водат во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, намалување на трошоците за одржување на информатичката опрема од надворешни правни лица и пристап до повеќе информации за Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 1,200,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Државно правобранителство на Република Северна Македонија

## *Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување*

Б) Материјали

### *Информација за рапсоредувањето на државните службеници вработени по К-5 пргорамата за правична застапеност, Министерството за политички систем и односи меѓу заедници, во институциите на јавниот сектор*

**Образложение:** Запознавање на Владата со степенот на распоредените административни службеници, односно нивно превезмање од страна на институциите во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Поефикасни мерки за натамошно целосно спроведување на уставното начело на соодветната и правичната застапеност. Начелото на соодветна и правична застапеност е во согласност со заедничкото уверување на европските земји дека едно плурално и демократско општество не треба само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секое лице кое е припадник на етничка заедница што не е мнозинство, туку исто така да создаде соодветни услови кои овозможуваат учество во јавниот живот. Разновидноста треба да биде извор и фактор, не за поделба, туку за збогатување на секое општество.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

*Информација за подготвување Извештај за соодветна и правична застапеност во институците на јавниот сектор*

**Образложение:** Подобрување и унапредување на соодветната и правичната застапеност на заедниците во институциите на јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивните влијанија од ова иницијатива се : • Преглед на соодветна и правична застапеност на етничките заедници во јавниот сектор; • Еднаквост и припадност; • Инклузивност на сите заедници во јавниот живот; • Прифаќање и унапредување на различностите; • Подобрување на работата и услугите на администрацијата; •Подобрување на меѓучовечките односи меѓу вработените од различни етнички заедници.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

А) Подзаконски акти

## *Предлог - одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати*

**Образложение:** Одлуката се носи врз основа на член 30 од Законот за трговија. Со Одлуката како времена мерка, на правни и физички лица кои вршат промет на нафтени деривати се забранува да вршат промет на маслото за горење екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m) на бензинските станици за временскиот период од 15 април 2023 година до 15 октомври 2023 година, од причина што грејната сезона завршува на 15 април, а маслото за горење екстра лесно е наменето само за греење и не смее да се користи како погонско гориво.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Регулирање и контрола на употребата на маслото за горење.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог - одлука за утврдување на видот и количината на лекови и медицински средства во стоковните резерви*

**Образложение:** Одлуката се носи врз основа на член 8 став (6) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со лекови и медицински помагала, по структура и количини соодветни за современиот начин на живеење, со кои може да се интервенира во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за стоковни резерви |

Б) Материјали

## *Извештај за реализација на Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се подготвува согласно член 7 од Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година, согласно кој Министерството за економија, заклучно со 31 март 2023 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Нема

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Извештај за реализирани активности во 2022 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година*

**Образложение:** Програмата се донесува согласно член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15,152/15 и 180/18), Според кој Владата на Република Северна Македонија ја донесува Програмата на предлог на министерот за економија за период од две години.

**НПАА-поглавје:** 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачите

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата на Република Северна Македонија да усвои извештај за реализирани активности за 2022 од програма за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година.

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Годишен извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Обврската на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Секторот за стратегија, планирање и следење да подготвува Годишен извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија, со мониторинг индикатори е согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/19).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Годишниот извештај, Владата на Република Северна Македонија се информира за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата за 2022 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## *Информација за подготовка на Акциски план за Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година*

**Образложение:** Со донесување на Акциски план за Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година, ќе се овозможи планирање на мерки, активности и индикатори, во согласност со начелата на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност донесена од ООН, уврдување на носителите за имплементација, како што се надлежните министерствата, институциите и граѓанските организации.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

**НПАА-подрачје:** социјална инклузија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Носењето на овој документ, овозможува креирање на политики со цел за унапредување и почитување на човековите права, недискриминација и создавање на еднакви можности, за унапредување на правата на лицата со попреченост и нивна инклузија во општеството. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за реализација на Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022 -2026*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2021–2026 е втемелена на силна визија за идна развиена и во многу сегменти унапредена состојба на верскиот туризам, кој е со сигурност еден од најсилните адути на македонскиот туризам. Државата ги почитува верските вредности и традиции, кои придонеле кон создавање автентична македонска култура. Многуте споменици на културата, возобновените манастири, кои се сакрално културно наследство, претставуваат наша посебност и светска вредност, но и можност за широки потенцијали за развој, презентација и промоција дома и во светот. Токму затоа, оваа Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири е пионерски чекор во системски посветеното и севкупно подобрување на состојбите и искористување на потенцијалите. Македонскиот верски туризам ќе биде, пред сè, препознаен и практикуван од нашите граѓани, а потоа добро презентиран и во регионот и пошироко во состав на нашата вкупна национална туристичка понуда. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права.

**НПАА-подрачје:** Слобода на мисла, совест и вероисповед

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Стратегијата го поставува остварувањето на следните три стратегиски цели: Подобрување на искористеноста на потенцијалите и условите за развој на верскиот туризам. Подобрување на домашната и на меѓународната промоција на македонскиот верски туризам. Подобрување на ангажираноста и на свесноста за потенцијалите за развој на верскиот туризам на сопствениците на дестинациите, единиците на локална самоуправа, планските региони и месното население. |

**Фискални импликации:** Има: 45,300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи

## *Информација за донесување на Стратегија за комуникација на ризик на Агенцијата за храна и ветеринарство 2023 - 2025*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Добра комуникација, правовремена пласирана на соодветен начин е неопходна заради унапредување на јавното здравје. Навремено и адекватно пласирана информацијата е неопходна со цел донесување на соодветни одлуки. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Стратегија за комуникација на ризик на Агенцијата за храна и ветеринарство 2023 -2025 ќе се унапреди довербата кај потрошувачите, односно кај пошироката јавност во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: 500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Информација за учество на делегација на Република Северна Македонија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2023 година*

**Образложение:** Република Северна Македонија е членка на МОТ чијшто главен орган е Меѓународната конференција на трудот која се одржува во месец јуни секоја година. На оваа конференција учествуваат голем број делегати и набљудувачи и е можност за широка размена на мислења и идеи за активностите на МОТ и за стекнување на сознанија за достигнатите резултати во областа на трудовите стандарди. Делегацијата е трипартитна, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, претставници од репрезентативните здруженија на работодавачи и синдикати. Водач на делегацијата е министерот за труд и социјална политика.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на трудовите стандарди и со тоа, унапредување на човековите права.

**Фискални импликации:** Има: 600,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за имплементација на Работниот план за Преглед за занимања (Occupation Outlook)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Овој модел за Преглед на занимања на пазарот на трудот произлегува како Исход 1.1.1 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година и е поврзана со ЕСРП 2022 и Националната Стратегија за вработување 2021-2027 година. Прегледот на занимања, како и Работниот план се базираат на податоците од Анкетата на работна сила, Анкета за побарувани занимања на АВРМ, анкетни истражувања на работодавачите и слободните работни места, податоци за образованието, проекции за вработеноста и секторски студии. Прегледот обезбедува информации за побарувачката на работна сила на пазарот на трудот. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

Потпоглавје 3.19.4

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Политики за вработување и Европски социјален фонд

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Моделот за Преглед на занимања ќе овозможи зголемување на информираноста за пазарот на трудот за целата популација. Се очекува да влијае врз понудата на работна сила преку подобрување на понудата согласно со потребите на работодавачите, а со тоа и на конкурентноста. Влијанието на краток рок ќе биде преку адекватни обуки во активните мерки и преку кариерно насочување на младите лица на среден и долг рок. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Годишен извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишниот извештај за работата и функционирањето на Економско - социјалниот совет претставува преглед на реализираните активности на ова тело во претходната година согласно Годишната програма за работа на ЕСС и согласно Програмата на Владата за донесување или изменување и дополнување на Закони. Со Извештајот, Владата ќе се информира за работењето на Економско-социјалниот совет и за неговото влијание во процесот на креирање и имплементација на економски и социјални политики од страна на Владата. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19:

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена транспарентност и видливост на Економско-социјалниот совет како советодавно и консултативно тело на Владата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

### *Информација за спроведување на ИПА проектот "Подобрување на капацитетите на NATURA 2000 и CITES"*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија со тоа што ќе се подобри подготвеноста на земјата корисник за пристапување кон ЕУ во областа на животната средина. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - уредба за формирање на структурите и органите за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош за Република Северна Македонија во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА III*

**Образложение:** Европската Унија донесе сет на регулативи со кои се регулираат правилата за имплементација на инструментите за надворешна помош на Европската Унија и тоа Регулативата 1529/2021 на Европскиот Парламент и на Советот за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) која беше донесена на 15-ти септември 2021 година, додека имплментирачката регулатива со број 2236/2021 од 15ти декември 2021 година беше донесена за нејзино спроведување. Законот за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според инструментот за претпристапна помош (ИПА III) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/22), ќе биде основа за донесување на оваа Уредба.

**НПАА-поглавје:** 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

32 –Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Регулирање на меѓусебните односи на ИПА со цел подобрување на функционирањето на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила, за да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните интереси. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

Б) Материјали

***Извештај за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот дава приказ на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2022 година, број на одржани седници и разгледани материјали, мислења и иницијативи доставени до Владата и ресорните министерства поврзани со јавните политики кои се однесуваат и/или влијаат на граѓанскиот сектор |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Иницијативата ќе придонесе кон унапредување на соработката и дијалогот помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации и ќе го поттикне развојот на граѓанското општество во Република Северна Македонија

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## *Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2022 година*

**Образложение:** Извештајот дава приказ за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2022 година, бројот на одржани седници, разгледани деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес и предложени решенија за доделување статус на организации од јавен интерес.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Разгледувањето на годишни извештаи за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од страна на Владата и нивно објавување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон афирмација на работата на Комисијата и поттикнување на граѓанските оргазнизации да поднесуваат барања за добивање статус на организација од јавен интерес.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## *Информација за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска, во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од поширокото соседството и јакнењето на регионалната соработка.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 1.3 НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АДАПТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНДАВСТВО, РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од пошироко соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 60,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - одлука за донесување на национална стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка*

**Образложение:** Согласно Доктрината за геопросторна поддршка на НАТО (AJP-3.17 – Allied Joint Doctrine for Geospatial Support) и Геопросторната политика на НАТО (MC 0296/4 – NATO Geospatial Policy), земјите членки на НАТО се одговорни/надлежни за продукција и обезбедување на геопросторни податоци за својата суверена територија (копно, воздух и водени површини).Поради претходно наведеното, неопходно е да се разгледа

потребата од донесување на национална стратегија за геопросторната и метеоролошка поддршка, која ќе овозможи исполнување на националните обврските кон НАТО. Во истата, неопходно е да бидат дефинирани носители и соработници за националните обврски по конкретни области, како што се: продукција и ажурирање на карти и други геопросторни податоци, ГИС и метеорологија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на национална стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка, би ги дефинирало надлежностите и обврските на инволвираните државни институции, при обезбедување на геопросторна и метеоролошка поддршка, согласно стандардите на НАТО, како национална обврска. Со дефинирање на носители и соработници за националните обврски по конкретни области, значително би се унапредила реализацијата на активностите од предметната област. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

Б) Материјали

### *Извештај за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Португалската Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со извештајот, Владата се известува за извршените преговори за усогласување на текстот на билатералниот договор со Португалската Република и се запознава со содржината на усогласениот текст на договорот којшто е предмет на одобрување на Владата. Владата со заклучок определува и овластен потписник на договорот. Потпишаниот договор потоа минува низ процедура на ратификација, односно Министерството за |

надворешни работи пред Владата доставува Предлог на Закон за ратификација на договорот, којшто потоа се доставува во собраниска процедура.

**НПАА-поглавје:** 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања- класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Размената на класифицирани информации со странство претставува еден од привилегираните видови на меѓусебна соработка. Потпишувањето на договорот со Владата на Португалската Република ќе придонесе за унапредување на односите меѓу двете земји и за подигање на степенот на заемната соработка во сферата на заштитата на класифицираните информации. Со влегувањето во договорна соработка на полето на класифицираните информации со Португалската Република се отвораат можности за поблиска соработка на билатерално ниво во однос на прашања од чувствителен карактер сврзани со безбедноста и одбраната. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

Б) Материјали

## *Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот октомври-декември 2022 година*

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што

имаат јавни овластувања.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## *Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот*

Б) Материјали

### *Информација за проширување на проектот Канцеларии за дијаспора со вклучување на поголем број општини*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата за сите досегашни активности во рамките на отворените канцеларии за дијаспора во 23 општини во РСМ и утврдување на потребата за проширување на овој проект во поголем обем и број на општини. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремено известување на Владата за ефективното функционирање на канцелариите за дијаспора со цел утврдување на потребата од проширување на овој проект во поголем обем и број на општини. |

**Фискални импликации:** Има: 600,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министер без ресор задолжен за дијаспора

## *Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники*

Б) Материјали

### *Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР, за периодот јануари-декември 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Методологијата за ПВР, МИОА во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт Извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на МИОА во соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, се подготвува Годишен извештај за Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведување на процесот на ПВР. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Препораките од годишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на ПВР кој треба да обезбеди почитување на основните начела за |

| | |
|---|---|
| **влијанија :** | добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на предлог законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување*

Б) Материјали

### *Информација за подготвување Извештај за процесот на децентрализација од аспект на Охридскиор рамковен договор*

| | |
|---|---|
| **Образложение :** | Унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, подобрување на локалните јавни услуги, нивната транспарентност и отчетност. Охридскиот Рамковен Договор децентрализацијата ја гледа како еден од носечките столбови за стабилизација и демократизација на државата, и на експлицитен начин го потенцира учеството на граѓаните во демократскиот живот и нивниот удел во процесот на донесување на одлуки на локално ниво. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор поконкретно одредбите кои се однесуваат на децентрализацијата на власта во Република Северна Македонија, подобрување на правата на етничките заедници на локално ниво, подобрување на правичната застапеност во органите на локалната самоуправа, афирмирање и примена на јазиците на |

припадниците на етничките заедници на локално ниво, подобрување и негување на културата, образованието, идентитетот на сите заедници.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

# Април

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година***

**Образложение:** Донесувањето на Одлуката ќе овозможи започнување на процесот на стратешкото планирање и буџетскиот процес за 2023 година и подготвување на Годишната програма за работа на Владата и на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа за периодот 2024-2026 година.

**НПАА-поглавје:** 4. Административни капацитети

4.1.Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација

Ц10 Унапредување и координирање на функионалниот процес на стратешко планирање

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата ја поставува границата на вкупните трошоци врз основа на буџетскиот биланс или планираниот дефицит, како и предвидувањата на приходите. Во Фискалната стратегија задолжително се вградуваат утврдените стратешки приоритети на Владата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

***Предлог – одлука за давање на согласност на Правилникот за вршење на официјални контроли на храна од животинско потекло***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување со новото законодавство на ЕУ во однос на официјалните контроли на храна од животинско потекло (Регулативите 2019/624, 2019/627 и 2019/1139). |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосантарна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0886.8027

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасно вршење на официјалните контроли согласно стандардите и барањата на Европската Унија, кои воедно важат за највисоки, а со тоа обезбедување на високо ниво на здравствена заштита на потрошувачите од болести поврзани со храна, заштита на здравјето на животните и нивната благосостојба (животни наменети за производство на храна) и заштита на потрошувачите од заблуда. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

Б) Материјали

## *Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 26 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 166/14, 42/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 302/20), министерот за транспорт и врски врз основа на Извештајот за реализација на Годишната програма изработен од Јавно претпријатие за железничка инфраструктира Железници на Република Северна Македонија-Скопје, доставува до Владата на Република Северна Македонија, Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 -Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Железничката инфраструктура се карактеризира со застареност и неможност да се одвива сообраќајот со проектираните брзини на движење, а со планираното вложување во одржувањето на железничката инфраструктура се очекува обезбедување на сигурен и безбеден сообраќај. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Годишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии*

| | |
|---|---|
| **Образложение** | Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2021-2025 година се следи преку полугодишни и годишни извештаи за спроведувањето |

: на годишниот Акциски план. Извештајот е основна алатка за следење на напредокот во спроведување на Акцискиот план за 2022 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата ќе биде одобрен од страна на Советот за управување со јавни финансии. Акцискиот план беше донесен од страна на Владата на 21 јуни 2022 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Годишниот Извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година ќе се информира Владата за напредокот во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии и ќе се обезбеди основа за донесување на информирани одлуки, како и посветеност на највисоко ниво кон процесот на реформи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Информација за Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија*

**Образложение:** Регионален развој, намалување на времето за задржување при премин на железничката граница меѓу двете земји.

**НПАА-поглавје:** 3.14 -Транспортна Политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Функционалност и организациска поставеност во железничкиот сообраќај од страна на сите инволвирани институции. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Информација за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридорот 10*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Сообраќајот е многу густ особено на делницата Табановци - Скопје, затоа ремонт над оваа делница е извршен и брзината достигнува до 120км/h. Во недостаток на инвестиционо одржување во последните години, ќе биде неопходно значително да се зголеми одржувањето, или ќе треба да се воведат и ограничувања на брзините на делници во блиска иднина. Овие делници процентуално би се зголемувале во број и во должина и најверојатно би имало значително зголемување и на трошоците и последици по приходите на железницата. Всушност, најголем број на делници се со животен век на колосекот кој се приближува кон 40 години (околу 100 км) и освен ако не дојде до поголеми инвестиции во иднина, трошоците за одржување би се зголемиле значително.Од ремонтот останаа уште 13км да се реализираат. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на железничките врски долж меѓународниот Коридор X, зголемување на нивниот капацитет за подобра кохезија во рамки на земјите членки на ЕУ и соседните земји и промовирање на одржлив развој преку минимизирање на негативните ефекти од транспортот врз животната средина, како и преку подобрување на безбедноста на сообраќајот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Информација за Рехабилитација на источен дел од железничка пруга на Кориодор VIII, фаза 1-делница Куманово-Бељаковце*

| | |
|---|---|
| **Образложен ие:** | Со цел да се поврзе Република Северна Македонија со соседните држави и исполнување на ЕУ стандардите наменети за градба и обавување на сообраќај во блиска иднина. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на сообраќајот, намалување на времето на патување, хармонизација на техничките карактеристики со ЕУ законодавството. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Предлог - Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образл ожение :** | Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2021-2025 година се спроведува преку годишни Акциски планови. Подготовката на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година ја координира Министерството за финансии, врз основа на интензивна соработка на релевантните институции во областа на управување со јавни финансии |

(Министерство за финансии, Министерство за економија, Државен завод за ревизија, Управа за јавни приходи, Царинска Управа, Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки). Акцискиот план за 2023 година детално ги разработува активностите чија подготовка или спроведување ќе започне / продолжи во текот на 2023 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата ќе биде одобрен од страна на членовите на Советот за управување со јавни финансии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојување на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година од страна на Владата ќе се обезбеди соодветно планирање на активностите и посветеност на највисоко ниво во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии. |

**Фискални импликации:** Има: 781,050,000 ден

Други извори

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Информација за Изградба на нова и реконструкција на постојната железничка делница Бељаковце-Крива Паланка железнички Коридор 8, фаза 2*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел да се поврзе Република Северна Македонија со соседните држави и исполнување на ЕУ стандардите наменети за градба и обавување на сообраќај во блиска иднина. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на сообраќајот, намалување на времето на патување, хармонизација на техничките карактеристики со ЕУ регулативите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

### *Информација за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд за финансиска поддршка за ублажување и прилагодување кон климатските промени*

| | |
|---|---|
| **Образло жение:** | Преку иницијативата ќе се овозможи обезбедување на дополнителна финансиска, техничка и експертска помош во насока на прилагодување кон климатските промени и ублажување на последиците кои се резултат на климатските промени. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија** | Преку иницијативата ќе се унапредат капацитетите на националните институции, приватниот сектор и граѓанскиот сектор, како и на други засегнати чинители за справување со предизвиците од климатски промени |

: и постигнување одржлив развој. Дополнително, ќе се поститне повисоко ниво на заштита на животната средина, подобрување на координацијата за ублажување и прилагодување кон климатските промени, особено во областите на земјоделството, водите, шумите, енергетската ефикасност, енергетиката, транспортот, градските и руралните средини за живеење, здравјето и културните богатсва и други области засегнати од климатските промени.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за Петтиот периодичен извештај по Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права на ОН*

**Образложение:** Исполнување на меѓународно преземени обврски согласно пристапување на земјата кон меѓународни договорни тела на ОН за човекови права.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Исполнување на меѓународно преземени обврски согласно пристапување на земјата кон меѓународни договорни тела на ОН за човекови права.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за подготовка на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи во мај 2023 година, во Брисел***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за одржување на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: • Билатерална трговска размена - земјоделски производи; • Земјоделство и рурален развој; • Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика и • Рибарство.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.11 - Земјоделство и рурален развој, Поглавје 12 – Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика и Поглавје 13 – Рибарство.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** /

**Фискални импликации:** Има: 169,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржан деветнаесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, март 2023 година, преку видео конференција***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на дискусиите и преземените обврски од одржаниот деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на Европската Комисија во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: 3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.22 регионална политика и координација на структурни инструменти и 3.27 Животна средина и климатски промени.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.22 регионална политика и координација на структурни инструменти и 3.27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Успешно спроведување на реализираните обврски.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржан дванаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација кој се одржа на 9 март 2023 година преку видео-конференциска врска***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот дванаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој се одржа на 9 март 2023 година преку видео-

конференциска врска, вклучувајќи ги преземените обврски.

**НПАА-поглавје:** Реформа на јавна администрација

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Бруцелоза кај говедата за период од 2023 до 2028 година*

**Образложение:** Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата се спроведуваат превентивни и заштитни мерки за рано откривање и навремено спречување на вносот и ширењето на оваа болест како и заштита на јавното здравје.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Непречено ќе се спроведуваат превентивни мерките и активностите за за надзор на Бруцелозата кај говедата и добиавање на земја со статус слободна од болеста бруцелоза. |

**Фискални импликации:** Има: 20,090,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

## *Предлог – Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Уредбата се пропишуваат критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви. За дополнување на стоковните резерви со нови стоки, потребно е да се дефинираат критериумите и условите кои треба да ги исполнуваат складиштарите за чување и обновување на соодветен вид на стока. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Избор на сигурни складиштари кај кои ќе се чуваат стоковните резерви. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за стоковни резерви |

## *Предлог – Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот за утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви*

**Образложение:** Со Уредбата се утврдуваат максималните количини и вредности на загубите во работењето со стоковните резеви во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Дефинирање на реални количини на загуби во работењето со стоковните резерви.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за стоковни резерви

## *Предлог- програма за субвенционирање на купување на нови хибридни и електрични возила за 2023 година*

**Образложение:** Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 5-в од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), произлегува Програмата.

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата да ја усвои програмата. |

**Фискални импликации:** Има: 240,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог – Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување, и обновување на стоковните резерви*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Уредбата се утврдува висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување, и обновување на стоковните резерви за секој вид на стока поединечно. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Утврдување на висина на надоместок на трошоци на складиштарите за чување и обновување на стоковните резерви, кој ќе ги покрие трошоците на складиштарите за чување и обновување на стоковните резерви а воедно и ќе поттикне интерес и кај други складиштари да ги понудат своите складишни простори за чување на стоковни резерви. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за стоковни резерви |

## *Предлог - програма за надзор на инфективна анемија кај копитарите*

**Образложение:** Целта на оваа програма е спречување на појавата на инфективна анемија кај копитарите и утврдување на преваленцијата на инфективна анемија кај копитари.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Спроведување на контолни и заштитни мерки против инфективна анемија кај копитарите и намалување на економските загуби од болеста.

**Фискални импликации:** Има: 1,100,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог – одлука за давање на согласност на Правилникот за упатствата за процедурите за применување на HACCP принципите од страна на операторите со храна и начинот на спроведување на контролните постапки како и упатствата за вршење на официјални контроли*

**Образложение:** Цел на овој Правилник е определување на процедурите за применување на HACCP принципите од страна на операторите со храна и утвдување на начинот на спроведување на контролните постапки како и упатствата за вршење на официјални контроли.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на овој Правилник се обезбедува висок степен на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

## *Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Бруцелоза кај овци и кози за период од 2023 до 2028 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите се спроведуваат превентивни и заштитни мерки за навремено спречување на вносот и ширењето на оваа болест како и заштита на јавното здравје. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосантарна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Непречено ќе се спроведуваат превентивни и контролни мерки и активностите за надзор на Бруцелозата кај овците и козите со цел намалување на бројот на инфицирани одгледувалипшта, намалување на бројот на заболени луѓе и ерадикација на болеста и воспоставување на земја со статус слободна од болеста бруцелоза. |

**Фискални импликации:** Има: 80,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

Б) Материјали

## *Извештај за реализација на Планот за имплементација на Гаранција за млади 2020-2022 година*

**Образложение:** Во Извештајот за реализација на Планот за имплементација на Гаранција за млади за 2022 година, ќе се наведе степенот на реализација на планот по однос на трите „столбови“ (рана интервенција, теренски активности и услуги на пазарот на трудот и програми за вработување) од шемата на „Гаранција за млади“.

**НПАА-поглавје:** Потпоглавје 3.19

Потпоглавје 3.19.4

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Политики за вработување и Европски социјален фонд

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Намалување на стапката на невработеност кај младите лица од 15-29 години, активација на NEET младите (млади кои не се во евиденција на АВРСМ, не се во образование и не се во вклучени во некои обуки) преку нивно изнаоѓање, мотивирање за евиденција во АВРСМ и вклучување во сет на услуги и мерки за вработување или директно вработување на редовниот пазар на труд.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Извештај за работа на Агенцијата за стоковни резерви за 2022 година*

**Образложение:** Агенцијата за стоковни резерви согласно член 16 став (4) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.151/21) до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на Агенцијата за претходната година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Агенцијата за стоковни резерви дава отчет пред Валадата на Република Северна Македонија за сработеното во претходната година и реализацијата на годишната програма. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за стоковни резерви |

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

### *Информација за спроведување на ИПА проектот “Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово” (градба и надзор)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање во инфраструктура за собирање и прочистување на урбаните отпадни води пред нивно испуштање во Тетово. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за спроведување на ИПА проектот "Затворање на непрописните депони и ѓубришта во Источниот и Североисточниот регион" (градба и надзор)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија преку поддршка во спроведување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион со затворање на непрописните депони и губришта во овие региони. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

Б) Материјали

## *Информација за процесот на воспоставување систем за управување со ИПА 3 помошта во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Информирање на Владата на Република Северна Македонија за процесот на воспоставување систем за управување со ИПА 3, областите каде ќе биде потребна поддршка од страна на Владата на Република Северна Македонија, како и состојбата со капацитетите во ИПА структурите и проблемите кои влијаат на системот за ефикасно и ефективно имплементирање на ИПА 3.

**НПАА-поглавје:** 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

32 –Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на функционирањето на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила за имплементирање на ИПА 3 со цел да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните средства.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Годишен извештај за спроведување на „Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2023 – (р) ЕСРП 2022“ за 2022*

**Образложение** „Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2023 – (р) ЕСРП 2022“ги утврдува реформите во три приоритетни

: области: 1. Пазар на труд и вработување, 2. Човечки капитал и вештини и 3. Социјална инклузија и социјална заштита. Со усвојувањето на програмата, во декември 2019, ВРСМ ја утврди обврската за редовно годишно известување за постигнатите резултати, што е неопходно и за повлекување на средствата од ИПА програмата „ЕУ за младите.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 19

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Штитење и унапредување на економските и социјалните човекови права на граѓаните, како и спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на ЕУ во 2022 година.*

**Образложение:** Министерството за финансии согласно заклучокот од Нацрт-записникот од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14.06.2022 година, е задолжено еднаш годишно да ја информира Владата за реализација на Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија 2022-2025 година, како материјал за информирање.

**НПАА-поглавје:** 3.32 Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** 3.32.2 Заштита на финансиските интереси на европската Унија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целта на Годишниот извештај е транспарентно информирање на Владата на Република Северна Македонија за актуелната состојба во врска со спроведувањето на целите и мерките од Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија 2022-2025 година и Акцискиот план и за работењето на Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС), во периодот јануари - декември 2022 година. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

А) Подзаконски акти

### *Предлог-одлука за изменување на методологијата за спроведување на подготовки за одбраната*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за одбрана, Министерството за одбрана е функционално надлежно за редовно ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија, кој претставува единствен и сеопфатен документ за дејствување на државните органи во воена состојба. Во Законот за одбрана член 19 како надлежности во одбраната на Владата во точка 11 е и изработка на Методологијата за спроведување на подготовки во одбраната. Согласно процесот за Ажурирање на Планот за одбрана се наметнува и потребата од измена и изработка на нова Одлука за методологија за спроведување на подготовки во одбраната. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со полноправното членство во НАТО нашата држава е обврзана да ја дефинира својата улога во системот за колективна безбедност, во отстранувањето најпрвин на евентуалните ризици, а потоа и на евентуалните последици од истите. За таа цел потребно е усогласување на досега понудените решенија во Планот за одбрана со ново настанатата состојба и нејзините побарувања. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Предлог - уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Уредбата се уредуваат мерките и активностите за индустриска безбедност на класифицирани информации коишто произлегува од Законот за класифицирани информации, односно поблиску се пропишуваат минималните стандарди со кои се уредуваат мерки и активности за индустриска безбедност на класифицирани информации. |

**НПАА-поглавје:** 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања- класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.1000.8205

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на регулативата за безбедност на класифицирани информации како и нејзино усогласување со меѓународно прифатените стандарди за физичка безбедност на класифицирани информации. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог - уредба за безбедност на комуникациско-инфорациски системи класифицирани информации*

**Образложение:** Со Уредбата се уредуваат мерките и активностите за информациска безбедност на класифицирани информации коишто произлегува од Законот за класифицирани информации, односно поблиску се пропишуваат мерките и активностите за безбедност на комуникациско-инфомациски системи (КИС) низ коишто се обработуваат и чуваат класифицирани информации.

**НПАА-поглавје:** 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања- класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.1000.8206

**Очекувани влијанија:** Унапредување на регулативата за безбедност на комуникациско-инфомациски системи (КИС) низ коишто се обработуваат и чуваат класифицирани информации и нејзино усогласување со меѓународно прифатените стандарди за информациска безбедност на класифицирани информации.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог - одлука за определување на органите на државната управа кои се подготвуваат за остварување на својата функција во воена состојба*

**Образложение** Министерството за одбрана согласно надлежностите што произлегуваат од Законот за одбрана, има обврска за редовно ажурирање на Планот за

: одбрана на Република Северна Македонија, кој претставува единствен и сеопфатен документ за дејствување на државните органи во воена состојба. Во Законот за одбрана член 19 како надлежности во одбраната на Владата во точка 11 е и определување на органите на државната управа кои се подготвуваат за остварување на својата функција во воена состојба.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со полноправното членство во НАТО нашата држава е обврзана да ја дефинира својата улога во системот за колективна безбедност, во отстранувањето најпрвин на евентуалните ризици, а потоа и на евентуалните последици од истите. За таа цел потребно е усогласување на досега понудените решенија во Планот за одбрана со ново настанатата состојба и нејзините побарувања.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

## *Предлог- проект план за конверзија на несуштински имот на Министерството за одбрана и Армијата*

**Образложение:** Врз основа на Проект-Планот на недвижниот имот предвиден за конверзија од Армијата и Министерството за одбрана, бр.07-2863/2 од 17.05.2005 година, а согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Министерството за одбрана го врши процесот на дивестирање на несуштинскиот недвижен имот со кој располага.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Од иницијативата се очекуваат позитивни влијанија за Министерството за одбрана заради намалување на трошоците за одржување на несуштинскиот недвижен имот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Извештај за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија за размена и заемна заштита на класифицирани информации*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со извештајот, Владата се известува за извршените преговори за усогласување на текстот на билатералниот договор со Република Молдавија и се запознава со содржината на усогласениот текст на договорот којшто е предмет на одобрување на Владата. Владата со заклучок определува и овластен потписник на договорот. Потпишаниот договор потоа минува низ процедура на ратификација, односно Министерството за надворешни работи пред Владата доставува Предлог на Закон за ратификација на договорот, којшто потоа се доставува во собраниска процедура. |

**НПАА-поглавје:** 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања- класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Размената на класифицирани информации со странство претставува еден од привилегираните видови на меѓусебна соработка. Потпишувањето на договорот со Владата на Република Молдавија ќе придонесе за унапредување на односите меѓу двете земји и за подигање на степенот на заемната соработка во сферата на заштитата на класифицираните информации. Со влегувањето во договорна соработка на полето на класифицираните информации со Република Молдавија се отвораат можности за поблиска соработка на билатерално ниво во однос на прашања од чувствителен карактер сврзани со безбедноста и одбраната. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

Б) Материјали

### *Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јануари-март 2023 година*

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## *Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот*

Б) Материјали

### *Информација за проблемите, состојбите и активностите на Центарот за оспособување и обука при на Дирекцијата за заштита и спасување*

**Образложение:** Дирекцијата за заштита и спасување согласно член 29 од Законот за заштита и спасување формира Центар за оспособување и обука на републичките сили за заштита и спасување и командниот и раководен кадар за превентивно оперативно справување со природните непогоди и други несреќи. Во моментов во Република Северна Македонија нема соодветен центар за обука за потребите на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи. Дирекцијата за заштита и спасување до пред 6 години во своја сопственост имаше објект кој се користеше за оваа намена и истиот беше одземен од Владата на Република Северна Македонија и даден за потребите на Општина Ѓорче Петров за користење за потребите на основно училиште. Со оваа одлука се оневозможи превентивното дејствување, а со тоа и едукацијата, обуката и тренинзите за потребите на силите на Дирекцијата за заштита и спасување. Согласно Законот за пожарникарство во овој центар треба да се врши и стручното оспособување на пожарникарите во Република Северна Македонија. Како услов за едно лице да работи како професионален пожарникар е да има минимум средно образование и уверение за стручно оспособување - пожарникар издадено од Центарот за оспособување и обука. Бидејќи постоечкиот објект што се користеше за оваа намена беше одземен со одлука на Владата на РСМ, очекуваме поддршка за овој проект.

**НПАА-поглавје:** 27 Животна средина

**НПАА-подрачје:** цивилна заштита

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани** Воспоставувањето на Центарот за оспособување и обука е неопходна потреба во Република Северна Македонија. Истиот ќе го овозможи

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | потребното ниво на едукација за потребите на системот на заштита и спасување како и активно спроведување на утврдениот и потребниот раководен и команден кадар. Дополнително ќе се овозможи систем на континуирано оспособување на потребните вештини, знаења и способности на потребниот кадар. Предлогот се дава со цел надминување на сегашната состојба и обезбедувањето на модерен и функционален центар за обука согласно стандардите на НАТО и ЕУ за кои меѓународните субјекти придаваат големо значење и постојано укажуваат на потребата од остварување на овој приоритет. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Дирекција за заштита и спасување

## *Информација за Предлог - проект „Изведба на фотоволтаични централи за спортските објекти“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Поради зголемените трошоци од веќе настанатат економска криза за одржување на спортските објекти од страна на општините, пред се заради зголемените сметки за електрична енергија сопствениците (општините) на спортските објекти не се во можност да ги короистата спортските објекти. Согласно спроведените анализи инвестицијата за изведба на фотоволтаични централи ќе биде исплатлива за неколку години. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со изведба на фотоволтаични централи на спортските објекти ќе се заштеди околу трошоците за електричка енергија, а со тоа ќе подобрат условите во спортските објекти, за затоплување, и ќе се овозможи исполнување на условите за одржување на тренинзи, меѓународни натпревари и домашни натпревари од највисок степен во повеќе спортови. |

**Фискални импликации:** Има: 55,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

## Иницијатива со низок приоритет

**Приоритет:**

***Не е поврзан со стратешки приоритет***

Б) Материјали

***Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2022 година***

**Образложение:** Се презентираат податоци за спроведување на Законот за нотаријатот од аспект на редовна нотарска дејност, надлежноста на нотарите да ја потврдуваат задолжницата согласно Законот за задолжница, надлежноста на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог и да спроведуваат оставински постпаки како повереници на судот. Истовремено, Владата ќе биде запознаена со бројот и ефектите од извршени надзори и поднесените предлози за поведување на дисциплински постаку против нотари, со цел обезбедување на законитост во работењето на нотарите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на нотаријатот и обезбедување на законитост и ефикасно давање на нотарските услуги на граѓаните и правните лица преку извршениот надзор над работата на нотарите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

# Јули

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште***

**Образложение:** Се прават измени на висината на надоместокот за градежното земјиште во државна сопственост што е предмет на приватизација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се регулира статусот на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија за кое е поднесено барање за приватизација.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

***Информација во однос на мерките кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост***

**Образложение:** Информација за преземените активности кои се однесуваат на мерките кои произлегуваат од препораките на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост во сегментите кои се однесуваат на градежништвото и патничкиот превоз.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на условите за лицата со попреченост во сегментите кои се однесуваат на градежништвото и патничкиот превоз.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

***Предлог - Годишна програма за контаминирани подрачја за 2023 година***

**Образложение:** Согласно член 28-а, став (8) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службем весник ма Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) на предлог на органот за државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, Владата на Република Северна Македонија

донесува Годишна програма за контаминирани подрачја.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Заштита на животната средина и човековото здравје од контаминираните подрачја. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Предлог - Одлука за формирање на Комитетот за контаминирани подрачја*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 28-в, став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македониа“ бр. 89/22 и 171/22), Владата на Република Северна Македонија за изготвување на План за управување со контаминирано подрачје кое е во државна сопственост формира Комитет за контаминирани подрачја. Подготовката на Планот за управување со контаминирано подрачје, Владата на Република Северна Македонија може да ја довери и на домашно или странско правно лице или научна институција со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја, избрана согласно прописите на јавни набавки. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Заштита на животната средина и човековото здравје од контаминираните подрачја. |

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за кандидатура на членство на Република Северна Македонија во Советот за човекови права на ОН за периодот 2025-2027 година*

| | |
|---|---|
| **Образложени е:** | Исполнување на меѓународно преземени обврски согласно пристапување на земјата кон меѓународни договорни тела на ОН за човекови права. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Исполнување на меѓународно преземени обврски согласно пристапување на земјата кон меѓународни договорни тела на ОН за човекови права. |

**Фискални импликации:** Има: 300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Информација за потпишување на Финансиска спогодба за годишна акциска Програма за ИПА 2022*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги запознае членовите на Владата со содржината на финансиската спогодба за годишната акциска Програма за ИПА 2022 (за областите транспорт, јавна администрација, управување со границите и миграцијата, капацитети за интеграција, современи системи за отпадни води, здравствена и социјална заштита и родова еднаквост), клучните фази во нејзината подготовка и краток опис на акциите во рамките на Програмата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Поддршка во спроведувањето на реформите во областите транспорт, јавна администрација, внатрешни работи, здравство, социјала.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

## *Информација за предлог-платформа за настап на состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија*

**Образложение:** Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за подготвителните активности околу одржувањето на состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација Република Северна Македонија – ЕУ и усвојување на ставови кои делегацијата на Република Северна Македонија ќе ги презентира на состанокот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усвојувањето на Платформата за состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација ќе ѝ овозможи на Македонската делегација која ќе учествува на состанокот да ги презентира усвоените ставови во име на Владата на Република Северна Македонија и исто така ќе овозможи координиран настап на целата делегација. Негативно влијание нема. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Информација за работата на Националното координативно тело за следење на реализираните активности во рамки на имплементирањето на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 - 2030 во Република Северна Македонија и Иницијативата за Интеграција на Ромите 2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националното координативно тело (НКТ) е работна група за планирање, координација и следење на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 - 2030 на Република Северна Македонија. Работата на ова тело е во насока на унапредување на координацијата, следење на работата на ресорните министерства и релевантни институции и меѓусебна соработка со невладиниот сектор за спроведување на стратешките документи за социјална инклузија на Ромите. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставен систем на координација за постигнување на поефикасна размена на информации, следење на постигнатите стратешки активности и резултати согласно Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 - 2030 во Република Северна Македонија и Иницијативата за Интеграција на Ромите 2020. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

Б) Материјали

### *Информација за активности за имплементација на Стратешкиот концепт на НАТО, за конкретни прашања дефинирани со Стратешкиот концепт на НАТО од интерес на Алијансата и сојузниците*

**Образложение:** Придонес кон имплементација на обврските согласно членството во НАТО.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Видлива улога на Република Северна Македонија како кредибилен член на НАТО.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

Б) Материјали

## ***Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик***

**Образложение:** Почнувајќи од декември 2018, Министерството за труд и социјална политика, системски ја решава инклузијата на деца Роми со вклучување на единиците на локална самоуправа, како дел од зацртаните цели од Националната Стратегија за Роми. Во учебната 2022/2023 година, проектот континуирано продолжува да се имплементира со вклучување на деца Роми на возраст од 3-6 години во предучилишното образование.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на бројот на деца Роми во предучилишното образование и воспоставување поголема соработка помеѓу централно и локално ниво за имплементацијата на проектот „Инклузија на деца Роми во детските градинки“ со цел систематско решавање на проблемите на ромската заедница.

**Фискални импликации:** Има: 7,800,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување*

Б) Материјали

### *Информација за одбележување на годишнината на Рамковниот договор*

**Образложение:** Стратешка цел е дека духот на овој договор беше градењето на една граѓанска држава еднаква за сите. Охридскиот рамковен договор и неговото спроведување е еден од главните приоритети на Владата на Република Северна Македонија за процесот на стабилизацијата, за изградба на доверба во институциите и за приближување кон Европската Унија. Негова основна цел е да го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајќи ги етничкиот идентитет и интересите на сите граѓани на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со одбележувањето на годишнината на Охридскиот рамковен договор ги славиме вредностите на овој договор. Прифаќањето на различностите и унапредувањето на односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија е основата на овој договор. Охридскиот Рамковен договор столб за развитокот на општеството и договор што ја води Република Северна Македонија кон Европската Унија.

**Фискални импликации:** Има: 9,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (трето дополнување)***

**Образложение:** Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

Б) Материјали

## *Информација со Предлог - одлука за зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ)*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија за потребата од зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со усвојувањето на информацијата ќе се создадат услови за Република Северна Македонија да може да го зголеми капиталот во Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ).

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари - јуни 2023 година*

**Образложение:** Обврската за доставување на Шестмесечен извештај за работењето на Агенцијата за катастар на недвижности произлегува од член 15 став 2 од Законот за катастар на недвижности според кој: Директорот на Агенцијата е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на Агенцијата до Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата на Република Северна Македонија со реализацијата на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за период од шест месеци. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за катастар на недвижности |

## *Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за изготвување на Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година произлегува од Законот за буџетите. Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија се изготвува со цел поефикасно искористување на буџетските ресурси преку поефикасно извршување на Буџетот. Кон извештајот за извршувањето на Буџетот се приложува и ажуриран извештај за макроекономските индикатори и проектирани приходи, преземени обврски и расходи за буџетската година. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Овој извештај се користи за следење на динамиката на извршувањето на Буџетот на приходната и расходната страна, притоа утврдувајќи ги отстапувањата, со цел буџетските корисници навремено да преземат мерки за негово подобрување. Овој извештај исто така, преставува и основа за утврдување на иницијалната проекција на Буџетот и потребата за ревизија преку изготвување на Измени и дополнувања на Буџетот на |

Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите (Втор квартал)***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите, како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на квартална основа.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со усвојувањето на информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, ќе се следи реализацијата на проектите и ке се предлагаат активности за забрзување на истите

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Информација за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) 2024-2026 година со Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско - финансискиот дијалог со Европската унија од мај 2023 година*

**Образложение:** Секоја година, ЕК спроведува детална анализа на буџетскиот план, макроекономските проекции и структурните реформи претставени во ПЕР. Програмата е основа за дефинирање на заеднички насоки за политики (т.н. "Policy guidance") со препораки за наредниот период, за кои земјата треба да преземе соодветни активности и за нивното спроведување да извести при подготовка на следниот циклус на Програмата. Препораките во форма на заеднички заклучоци формално се усвојуваат во рамки на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ, кој се одржува секоја година на пролет, со учество на министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите од Западен Балкан и Турција. Европската Комисија го следи степенот на исполнувањето на препораките согласно методологија која се користи за оценување на земјите членки. Во таа насока, се подготвува акциски план со конкретни активности и носители за исполнување на препораките. За степенот на реализација на препораките, земјата треба да извести при подготовка на наредната Програма на економски реформи.

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Полугодишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2023 година – јуни 2023 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, ќе се информира Владата за напредокот во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии и ќе се обезбеди основа за донесување на информирани одлуки, како и посветеност на највисоко ниво кон процесот на реформи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Информација за Акциски план за Националната стратегија за млади 2023 – 2024 година*

**Образложение:** Со оглед на изменетите состојби во младинскиот сектор и петгодишната Национална стратегија за млади, која е насочена кон систематско и сеопфатно делување на актерите во младинската сфера, во насока на разрешување на проблемите на младите луѓе и прифаќање на предизвиците со кои тие се соочуваат. Затоа треба да се креира нов Акциски план за Национална стратегија за млади кој што обврска произлезена од Законот за младинско организирање и младински политики.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија :** | Акцискиот план е важен за планирање на активностите во младинскиот сектор особено во делот на младинското учество, младинско информирање, здравство и превенција, спорт, култура, образование, вработување, локална младинска работа, партиципација на младите и самовработување на младите. |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за статусот на имплементација на ИПАРД 2 Програмата како и преглед за проценка на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложе ние:** | Националниот службеник за авторизација известува за финансиската имплементација на ИПАРД 2 програмата и за потенцијалното губење на средства согласно финансиската спогодба. |

**НПАА-поглавје:** 11 - Земјоделство и рурален развој

32 –Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на функционирањето на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила, за да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните интереси. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Информација за статусот на имплементација на ИПА 2, како и преглед за проценка на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националниот службеник за авторизација известува за финансиската имплементација на ИПА 2 програмите и за потенцијалното губење на средства, согласно соодветна финансиска спогодба која е потпишана за секоја ИПА програма. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

Поглавје 32 –Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на функционирањето на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила, за да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните интереси. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

Б) Материјали

### *Извештај за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Летонија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.*

**Образложение:** Со Извештајот, Владата се известува за извршените преговори за усогласување на текстот на билатералниот договор со Република Летонија и се запознава со содржината на усогласениот текст на договорот којшто е предмет на одобрување на Владата. Владата со заклучок определува и овластен потписник на договорот. Потпишаниот договор потоа минува низ процедура на ратификација, односно Министерството за надворешни работи пред Владата доставува Предлог на Закон за ратификација на договорот, којшто потоа се доставува во собраниска процедура.

**НПАА-поглавје:** 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања- класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Размената на класифицирани информации со странство претставува еден од привилегираните видови на меѓусебна соработка. Потпишувањето на договорот со Владата на Република Летонија ќе придонесе за унапредување на односите меѓу двете земји и за подигање на степенот на заемната соработка во сферата на заштитата на класифицираните информации. Со влегувањето во договорна соработка на полето на класифицираните информации со Република Летонија се отвораат можности за поблиска соработка на билатерално ниво во однос на прашања од чувствителен карактер сврзани со безбедноста и одбраната.

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

Б) Материјали

### *Информација за потпишување на Договор меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за дополнување на Европската конвенција за екстрадиција од 1957 година*

**Образложение:** Склучувањето на договорот ќе ја олесни примената на Европската конвенција за екстрадиција, чии потписници се двете земји.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Олеснување и подобрување на соработката помеѓу двете држави во областа на екстрадицијата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

### *Информација за покренување на иницијатива за потпишување на Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети, за екстрадиција и за извршување на кривичните санкции помеѓу Република Северна Македонија и Република Бразил*

**Образложение:** Склучувањето на четирите предметни договори ќе придонесат за засилување на правната соработка меѓу двете земји во кривичната и граѓанската материја.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Развивањето на соработката во областа на правосудството, поефикасно остварувње на правата и интересите на државјаните на двете земји, како унапредување на односите и соработката меѓу правосудните органи. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обезбедување на континуиран развој и приод кој се заснова на промоција и обезбедување на еднакви можности на жените и мажите и принцип на не дискриминација со цел остварување на човековите права. |

**НПАА-поглавје:** Поглавјето 19

19.7

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството обезбедување континуитет во остварувањето на еднаквоста и не дискриминацијата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот*

Б) Материјали

### *Информација за потикнување на уметничкото творештво и потенцијал за негова одржливост со цел привлекување на повеќе публика и вклучување во културните активности*

**Образложение:** Министерството за култура преку главните носители на културниот живот - институциите и организациите од културата, уметниците и сите луѓе со креативна визија поддржува проекти со цел не само создавање услови за достапност на културните содржини од сите дејности од областа на културата за сите категории на граѓани во земјата, туку и можност за искажување на нивната креативност и слободно творештво. Средствата се планиранирани во годишниот програмски буџет на Министерството за култура.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Достапност на културните вредности за граѓаните и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста, реализација на содржини од сите дејности од областа на културата достапни за сите граѓани, овозможување на еднакви култури и права за сите како и создавање на услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и на културниот идентитет.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

## *Информација за збогатување на културната понуда од областа на издавачката дејност со проекти насочени кон интеркултурната димензија на литературното творештво*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Поаѓајќи од фактот дека нашето општество е мултиетничко, а потпирајќи се на начелото на рамноправната положба на сите граѓани и корисници на културните добра на Република Северна Македонија, збогатувањето на културната понуда од областа на издавачката дејност преку поддршка на проекти насочени кон јакнење на интеркултурната димензија е еден од приоритетите на Министерството за култура, средствата се планиранирани во годишниот програмски буџет на Министерството за култура. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интеркултурен дијалог преку квалитетни преводи на делата на македонски автори на јазиците на албански јазик, од албански автори на македонски јазик како и на останатите јазици. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за култура |

# Ноември

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

Б) Материјали

***Предлог - одлука за учество во операцијата на НАТО во Косово-КФОР во 2023 година (Ноември)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста во регионот, како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Придонесуваме кон меѓународните напори за развој на стабилни и демократски институции на Косово, способно самостојно да се грижи за својата безбедност. |
| **Фискални импликации:** | Има: 63,134,000 ден |

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2024 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Одлуката, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се врши усогласување и менување на Царинската тарифа согласно со Комбинираната номенклатура донесена од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог - програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува секоја година со Програма која согласно со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Северна Македонија. Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на програмата ќе биде во согласност со утврдената програма со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во делот на надоместоците за заштита на децата. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Дејноста заштита на децата е од јавен интерес, и ќе се остварува преку вклучување на поголем број на деца од популацијата деца од 0 до 6 години живот со проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки како и на други објекти и просторни услови. Доближување на детските градинки и центри за ран детски развој до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини, а со тоа ќе се создадат услови и за нови вработувања. |

**Фискални импликации:** Има: 6,717,904,584 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

Б) Материјали

## *Информација за реализација на Акциски план 2022 – 2024 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“*

**Образложение:** Со Акциски план 2022 – 2024 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“, се предвидени мерки активности, и индикатори за мерење на постигнатите резултати и истиот е поврзан со пристапните партнерства на поглавје 23 и поглавје 19

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

**НПАА-подрачје:** социјална инклузија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Потикнување на процесот на плурализација и децентрализација на услугите и промена на институционалниот облик на заштита во подршка на независно живеење во заедница. Проширување на мрежата на социјални услуги во заедницата и воспоставување на нови форми на заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните индивидуални потреби

**Фискални импликации:** Има: 306,235 ден

Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Справување со последиците од светската пандемија предизвикана од КОВИД – 19 и други кризи*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Програмата претставува подршка на крводарителството во Република Северна Македонија, во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на

здраствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарители, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот Крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здраствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хирушки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Програмата ке овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за обезбедување на доволни количини крв во државата, ќе се овозможи навремена и квалитетна здравствена заштита при интервенции за кои е потребна крв и спасување на многу животи. |

**Фискални импликации:** Има: 50,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилки и доенчиња во Република Северна Македонија за 2024 година***

| | |
|---|---|
| **Образло жение:** | Во Програмата се содржани мерки и активности за основна здравствена заштита на лицата кои се заболени од потешки специфични заболувања кои се од посебен интерес на државата како и на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потршувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целта на реализација на оваа програма е целосно спроведување на мерките и активностите заради заштита и чување на здравјето на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст, како и лицата без разлика на возраста кои се заболени од одредени специфични заболувања. |

**Фискални импликации:** Има: 350,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Предлог - програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата има за цел да го зголеми бројот на донори од починато лице во интерес на пациентите кои чекаат за трансплантација и за кои не постои друг начин на лекување и терапија, проширување на трансплантации освен на бубрези, срце и коскени ткива и во делот на црн дроб, корнеа и трансплантација кај педијатриски пациенти, воспоставување систем (Национални листи за трансплантација) кој ќе обезбеди правичен пристап кон органите и ткивата, подигнување на свеста кај населението за донирање на органи и ткива, особено преку информирање на јавноста за важноста на трансплантацијата, подигнувањена свеста кај медицинскиот персонал за важноста на трансплнатацијата и организирање на курсеви и обуки за доедукација и на крајот воспоставување на мрежа на болници спремни да препознаат потенцијален донор, болници кои можат да го извадат органот, и да се осигураат дека истиот ќе стигне во центрите каде би се изведувала трансплантацијата. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на број на трансплантации од починат донори. Детектирање на што поголем број на починати донори и развој на мултиорганската трансплантација. Воспоставување на стабилно годишно ниво на број на трансплантации на срце, бубрези и коскени ткива. Започнување со трансплантации на црн дроб и рожница кај адултни пациенти и развој на трансплантации на срце и бубрези кај деца. Програмата треба да овозможи воспоставување на систем на редовен трансплантациски програм во сите болници кои се референтни центри во земјава. |

**Фискални импликации:** Има: 15,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица со растројства од употреба на дрога во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван** | Достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку |

| | |
|---|---|
| **и влијанија:** | отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги и вклучување на што поголем број на лица кои употребуваат дроги во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин); постигнување апстиненција, намалување на зачестеноста и острината на рецидивите, намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опиоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема, подобрување на физичкото и психолошкото здравје; намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога; овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и унапредување на социјалното функционирање. |

**Фискални импликации:** Има: 95,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението се изготвува секоја година и активностите се продолжение од претходните години со цел превземање на превентивни активности за навремено откривање на заболени лица од туберкулоза, навремено лекување и спречување на компликации, како и превентивни активности за спречување на ширење на туберкулозата во околината, за тоа што туберкулозата се уште претставува актуелен проблем во светот и кај наси доколку не се спроведат програмските активности можно е зголемување на бројот на заболени од туберкулоза, појава во епидемиски размери, а со тоа проблем за државата од здравствен и социјално-економски аспект. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за превентивни мерки за спречување на појава на туберкулоза кај населението, навремено откривање и спречување на компликации кај заболените. Со превземените активности се очекува бројот на новозаболени туберкулозно болни лица да се намалува. |

**Фискални импликации:** Има: 14,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

### *Предлог - програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата има за цел да го подигне нивото на стручното знаење на лекарите и останатиот медицински персонал, а со тоа и унапреди квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најновите знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравствениот систем, како и обезбедување на обучени лица овластени за преглед на умрени лица на ниво на целата држава. Најголем дел од активностите во оваа програма претставуваат континуитет на активностите од претходната програма. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван** | Подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на |

| | |
|---|---|
| **и влијанија:** | квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравствениот систем, како и обезбедување на обучени лица овластени за преглед на умрени лица на ниво на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: 40,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за одржување на втора заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, во Република Косово*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од непосредното соседството и јакнењето на регионалната соработка. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 1.3 НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АДАПТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНДАВСТВО, РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 30,000 ден

| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |
|---|---|

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - одлука за ажурирање на Планот за одбрана за 2024 година*

**Образложение:** Одбраната на Република Северна Македонија се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката. Одбраната на Републиката може да се остварува самостојно или во рамките на Организацијата на Северноатлантскиот договор. Планот за одбрана на Република Северна Македонија треба да се третира како динамичен документ кој треба постојано да се следи и врз основа на новите сознанија и промени на состојбите, да се дополнува и менува. Со досегашните решенија кои ја регулираат оваа проблематика предвидено е тековно ажурирање на документите од Планот за одбрана, но задолжително еднаш годишно.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со полноправното членство во НАТО нашата држава е обврзана да ја дефинира својата улога во системот за колективна безбедност, во отстранувањето најпрвин на евентуалните ризици, а потоа и на евентуалните последици од истите. За таа цел потребно е усогласување на досега понудените решенија во Планот за одбрана со ново настанатата состојба и нејзините побарувања.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

Б) Материјали

### *Извештај за имплементација на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023*

**Образложение:** По пет години од спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023, ќе се подготви сумиран извештај за степенот на неговата реализација.

**НПАА-поглавје:** Поглавјето 19

поглавје 19.7

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Извештајот ќе даде насоки за понатамошен континуиран развој и приод кој се заснова на промоција и обезбедување на еднакви можности на жртвите на родово базирано насилство со цел остварување на нивните човекови права како и насоки за интегриран, сеопфатен пристап во справувањето со родово базираното насилство и подобрување на статусот на жртвите на родово базирано насилство во општеството.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

Б) Материјали

## *Предлог - Национален Акциски план за Партнерство за отворена власт 2023-2025 година*

**Образложение:** Република Северна Македонија пристапи кон глобалната Иницијатива за Партнерство за отворена власт во 2011 година. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива, Владата на Република Северна Македонија до сега има усвоено пет акциски планови во 2012-та, 2014-та, 2016-та, 2018-та и 2021-ва година за соодветните двегодишни периоди. Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на Акцискиот план за Партнерство за отворена власт 2023-2025 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Преку Партнерството за отворена власт, Владата на Република Северна Македонија се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Партнерството за отворена власт врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

***Финален извештај за оценка на спроведувањето на Национален акциски план за Партнерство за отворена власт (2021-2023 година), за периодот октомври 2021 - октомври 2023 година***

**Образложение:** Во 2015 година од земјите членки на Партнерството за отворена власт беше побарано да изработуваат и достават Финален извештај за самооценка за Акциските планови за Партнерство за отворена власт. Самооценката ќе биде објавена на веб страната на министерството и доставена на англиски јазик до интернационалата на Партнерството за отворена власт во Вашингтон со цел нејзина објава на opengovparnetrship.org.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Преку Партнерството за отворена власт, Владата на Република Северна Македонија се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Партнерството за отворена власт врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

# Иницијатива со низок приоритет

**Приоритет:**

***Не е поврзан со стратешки приоритет***

Б) Материјали

***Информација за примената на Законот за медијација за 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ќе се прикажат резултатите од спроведувањето на Законот за медијација, бројот на медијатори, бројот на медијации, бројот на субвенционирани медијации од државата. |

**НПАА-поглавје:** 3.23 - Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2007.0100.2395

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Проценка на резултатите од новокреираниот модел на медијација и зголемување на примената на медијацијата како алтернативен, брз и ефикасен начин на решавање на спорните односи помеѓу страните. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

# Декември

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за рефундирање на средства - платени како царински давачки, данок***

### *Предлог - програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Доставените предлог-иницијативи од страна на министерствата и другите органи на државната управа, треба да бидат во согласност и со Одлуката за утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година и НППА. Сите предлози на акти и материјали (иницијативи) институциите (органи на државната управа) ги внесуваат во Електронскиот систем за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2024 година, временски се операционализира четиригодишната Програма која мандатарот ја предлага во Собранието при изборот на новата Влада. Во Годишната програма и Буџетот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија ги вградува стратешките приоритети и фискалната политика.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

### *Предлог - програма за остварување на социјалната заштита за 2023 година*

**Образложение:** Со Програмата за социјалната заштита се подобрува остварувањето на правата ,услугите и мерките за потребите на граѓаните. Со Програмата за социјална заштита поблиску се уредуваат подрачјата на социјална работа, потребите на населнието, социјалната превенција и начинот на остварување на паричните права и услугите од социјална заштита.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата преставува сет на планирани активности во доменот на социјаната политика, за редовно и ефикасно остварување на правата од социјалната заштита, социјалната инклузија, семејно-правната заштита и други законски надлежности на институциите во овој домен. |

**Фискални импликации:** Има: 9,550,699,155 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Одлуката се утврдува максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност кои Министерството за финансии ќе ги издаде во 2024 година во име на Република Северна Македонија, а со цел обезбедување на парични средства за финансирање на буџетските потреби на државата во 2024 година, како и заради развој и одржување на ефикасни домашни финансиски пазари. Обврската за донесување на Годишна одлука произлегува од Законот за јавен долг. |

**НПАА-поглавје:** / **НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на парични средства неопходни за финансирање на буџетските потреби во 2024 година и натамошен раст и развој на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

## *Информација за подготовка на Национална развојна стратегија 2022 - 2042*

**Образложение:** Оваа информација предвидува активности за дизајн и креирање на долгорочна Национална развојна стратегија и нејзино спроведување од страна на националните институции. Националната развојна стратегија ќе доведе до долгорочно планирање на развојот и ќе го трасира патот по кој ќе се развива Република Северна Македонија во неколку области меѓу кои: економија, вработување и пазар на труд, образование, иновации, просторно планирање, инфраструктура, здравство, борба против корупција, јавни услуги, општество, рурален развој, безбедност и сл.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на социо-економското опкружување, деловната и инвестициска клима како и стратешкото долгорочно планирање во земјата. Воедно оваа иницијатива ќе придонесе за зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување поквалитетно образование, поефикасен здравствен систем, зголемена конкурентност на компаниите, вложувања во истражување и развој, зголемување на вработеноста, подобрување на економијата и одржливо користење на ресурсите на долгорочен план.

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции

***Информација за  активностите и проектите на Министерството за надворешни работи планирани за 2023 година за консолидација на дипломатско - конзуларниот имот во сопственост на Република Северна Македонија во странство***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата опфаќа активности и користење на повеќегодишни буџетски средства на ставката капитални расходи за реализација на неколку проекти во функција на консолидација на дипломатско-конзуларниот имот на Република Северна Македонија во странство, односно ставање во функција на имотите добиени од сукцесија на дипломатско конзуларниот имот на СФРЈ и по други основи, кои заради потреба од реконструкции, реновирања и потребни адаптации, веќе подолго време не се користат за потреби на дипломатско- конзуларните претставништва (ДКП) на Република Северна Македонија, вклучително и рационално искористување на просторни капацитети на имотите кои се користат со дополнување на потребни содржини за дипломатско- конзуларните претставништва, а со цел на остварување на долгорочни буџетски заштеди на име закупнини кои тековно се плаќаат за простории на дипломатско- конзуларните претставништва и станови за дипломати. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на сите проекти во функција на консолидација на дипломатско-конзуларниот имот во сопственост на Република Северна Македонија во странство се очекуваат долгорочни буџетски заштеди на средства кои тековно се плаќаат за закупнини на простории за дипломатско- конзуларните претставништва. |

**Фискални импликации:** Има:  24,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Информација за активностите и очекуваните резултати во 2023 година од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија*

**Образложение:** Активностите имаат за цел финална имплементација на Спогодбата за прашања на сукцесија од 2001 година, односно заштита на инересите на Република Северна Македонија во процесот на сукцесијата и стекнување на имоти во сопственост за потреби на дипломатско-конзуларните претставништва, стекнување финансиски средства, заштита на имотните права на македонски правни и физички лица, враќање на уметничките добра и архивската граѓа.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Очекувани резултати од сукцесијата на дипломатско-конзуларниот имот на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија се материјални и финансиски придобивки за Република Северна Македонија и обезбедување на историската граѓа.

**Фискални импликации:** Има: 360,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Информација за изработка на Акциски план во врска со подготовките за учество на Република Северна Македонија на Осака ЕКСПО 2025*

**Образложение:** Подготовки за присуство на Светскиот извозен саем ЕКСПО Осака (2025) кое ќе придонесе за меѓународна економска промоција на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Искористување на потенцијалите на светскиот трговски саем ЕКСПО во Осака за економска промоција.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 година***

**Образложение:** Целта на Извештајот е да даде оценка за усогласеноста на приоритетите и целите содржани во нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

**НПАА-поглавје:** 4. Административни капацитети

4.1.Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација

Ц10 Унапредување и координирање на функионалниот процес на стратешко планирање

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија** Постапување по препораките дадени во Извештајот, подобрување на квалитетот на подготвените стратешки планови, нивната усогласеност со одобрените буџетски средства на буџетскиот корисник и јакнење на

: капацитетите кои ќе бидат посветени на развивање на процесот на стратешкото планирање во министерствата и во другите органи на државната управа.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

### *Информација за подготовката на Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Северна Македонија за периодот 2023-2032 година*

**Образложение:** Врз основа на член 6 од Законот за воздухопловство Министерството за транспорт и врски подготвува Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Северна Македонија, како оперативен документ со период на важност од 10 години. Проектот за подготовка на Стратегијата ќе се реализира преку инструментот ИПА 2. Следејќи ги насоките на стратегијата и во тесна соработка со надлежните државни институции и органи, МТВ ќе ја имплементира политиката за развој на цивилното воздухопловство на државата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Создавање оптимални услови за натамошен развој на потребните институции кои ќе обезбедат ефикасен транспорт на патници и стока како и проценување, обезбедување и одржување на неопходната инфраструктура со цел обезбедување транспортни услуги со висок квалитет и високо ниво на безбедност.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - програма за инвестирање во животната средина за 2024 година*

**Образложение:** Програмата за инвестирање во животната средина ја реализира Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 172 од Законот за животна средина. Со Програмата се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за тековната година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со спроведување на Програмата за инвестирање за животната средина ќе се реализираат следните активности и проекти: Изработка на техничка документација и реализирање на проекти и активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност. Реализирање на проекти за подигнување на јавната свест, едукација и обука од областа на животната средина. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и други активности поврзани со заштита и унапредување на животната средина и природата. Кофинансирање на тековни проекти од областа на животната средина и друго.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

### *Предлог - програма за колекторски систем Охрид и Струга*

**Образложение:** Програмата за колекторски систем Охрид и Струга ја реализира Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 172 од Законот за животна средина. Со Програмата се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за тековната година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните се обезбедува финансиски средства за спроведување на континуиран надзор и следење на болестите кај животните на национално ниво, намалување на бројот на луѓе заболени од зоонози, компензација односно надомест на штета за одземени заболени животни, контролни и заштитни мерки на болести кои се предмет на планирање на итни мерки, и имаат потенцијалот за брзо ширење на големи подрачја и надвор од границите на државата и сериозното социјално и економско влијание.

**Фискални импликации:** Има: 220,250,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог - програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2024 година*

**Образложение:** Со оваа Програма се обезбедува транспарентност во финансирање на изградба доградба и опремување на објекти за детска заштита од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика. Програмата се носи од страна на Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерството за труд и социјална политика, а врз основа на однапред утврдена Методологија и критериуми за рангирање на општините, кои поднеле апликации за добивање на финансиски средства од Министерството за труд и социјална политика.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на опфатот на децата од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, создавање услови за згрижување на децата од предучилишна возраст и во општините кои немаат детски градинки/центри за ран детски развој преку изградба, доградба, адаптација и опремување на нови објекти.

**Фискални импликации:** Има: 132,005,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Со Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2024 година се утврдуваат одредување на присуството и концентрациите на контаминентите во храната, утврдување на присуство на резидуи од пестициди во и на храната, миграцијата на одделни супстанции од материјалите и производите кои доаѓат во контакт со храната мониторирање на можно присуство на ГМО храна, мониторирање на органските производи, мониторирање на храната третирана со

јонизирачко зрачење, утврдување на безбедноста на храна за различни други параметри, микробиолошки критериуми и други опасности во храната, како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот. Мониторингот на безбедноста на храната се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2024 година, се обезбедува мониторинг безбедноста на храната, се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната. |
| **Фискални импликации:** | Има: 3,500,000 ден |

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

## *Предлог - програма за Интеграција на лица на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Програма се носи согласно Законот за меѓународна и привремена заштита. Со оваа Програма се ќе се обезбеди парична помош потребна за: обезбедување на простории за сместување, закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и комунални трошоци, што во голема мера ќе го олесни процесот на интеграција на семејствата до период на нивно осамостојување и целосна независност од системот на социјална заштита. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програма ќе овозможи понатамошна инклузија на лицата во општеството и нивно полесно вклучување во местата на живеење. Со оваа програма мерката за обезбедување на парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци за лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2023 година. |

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

Б) Материјали

## *Информација за воспоставување дипломатски односи со Јужноафриканската Република*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Постои потреба од воспоставување на дипломатските односи помеѓу двете земји, разгледување на можноста за воспоставување на соработка во областа на економијата и стопанството, како и понатамошен развој и унапредување на соработката со Јужноафриканската Република во сите области од заемен интерес. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Понатамошно унапредување на билатералните односи со Јужноафриканската Република во сферите од заемен интерес за двете држави. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Информација со предлог решенија за реформа во делот на бенефицираниот стаж*

**Образложение:** Потреба од ревидирање на листата на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** - дефинирање на критериуми кои работни места се опасни и штетни по здравјето на работникот; - дефинирање на нов концепт на предвремено пензионирање за работници кои работат на работни места кои се опасни и штетни по здравјето и - креирање регистар на специфичните професии, работни места опасни и штетни по здравјето.

**Фискални импликации:** Има: 800,000 ден

Светска Банка

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за одржани преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Украина*

**Образложение:** Република Северна Македонија ја прифати иницијативата од Украина за билатерално регулирање на односите во областа на социјално осигурување преку склучување на билатерален договор.

**НПАА-поглавје:** 3.02.3

**НПАА-подрачје:** Координација на системи за социјално осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучувањето на билатерален договор за социјално осигурување со Украина ќе се овозможува остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Украина. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули - декември 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за доставување на Шестмесечен извештај за работењето на Агенцијата за катастар на недвижности произлегува од член 15 став 2 од Законот за катастар на недвижности според кој: Директорот на Агенцијата е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на Агенцијата до Владата на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата на Република Северна Македонија со реализацијата на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за период од шест месеци. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за катастар на недвижности |

## *Информација за воспоставување на Регистар за лица со попреченост*

**Образложение:** Базата на лицата со попреченост претставува дел од интегрираниот здравствен информатички систем која овозможува обработка и давање на користење податоци меѓу надлежните органи, со цел воспоставување на единствена евиденција на податоците и остварување на правата по основ на инвалидност согласно со закон.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19

**НПАА-подрачје:** социјална инклузија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со воспоставување на национален регистар на лица со попреченост, ќе се овозможи полесна и поефикасна инклузија, зголемување на вработливоста преку вклучување во процесот на професионална рехабилитација и олеснет пристап до права и услуги на лицата со попреченост.

**Фискални импликации:** Има: 500,000 ден

Светска Банка

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2024 година*

**Образложение:** Согласно одредбите од членот 20 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 239/15, 39/16 и 64/18) се изготвува и најдоцна до 31 декември во тековната година, до Владата на Република Северна Македонија се доставува Годишен план за работа на Агенцијата на одобрување. Во функција на законските обврски и политиките на владата, врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија, а во врска со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа Агенцијата за храна и ветеринарство подготвува Годишен план за работа за 2024 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Нема

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

### *Информација за започнување преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Република Франција*

**Образложение:** Сеуште се применува конвенција од 1950 година која не е усогласена со новите состојби во сферата на социјалното осигурување, се јавува потреба од склучување на нов билатерален договор за социјално осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.02.3

**НПАА-подрачје:** Координација на системи за социјално осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучувањето на билатерален договор за социјално осигурување со Република Франција ќе се овозможува остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Република Франција.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за започнување на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Република Косово*

**Образложение:** Со Република Косово во сила е билатерален договор за потврдување на стажот на осигурување заради остварување на право на пензија, но не и останатите права од социјално осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.02.3

**НПАА-подрачје:** Координација на системи за социјално осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучувањето на билатерален договор за социјално осигурување со Република Косово ќе се овозможува остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Украина.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за преземени активности за исполнување на условите за влез во II фаза на фискална децентрализација на општина Пласница*

**Образложение:** Ќе се направи анализа на финансиското работење на општината и за условите кои се потребни општина Пласница да ги исполни за влез во втора фаза на фискална децентрализација, формирање на Комисија за следење и оценка на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација и донесување на Одлука на Влада за исполнетоста на условите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со ова се очекува да заврши втората фаза на фискална децентрализација и сите општини да се финансираат со блок дотации. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

### *Информација за одбележување на денови од Еколошкиот календар*

**Образложение:** Одбележување на денови од Еколошкиот календар: - Светски ден на водните живеалишта – февруари - Денови на пролетта ,Денови на екологијата - Доделување на еколошки награди – Март - Светски ден на водите – Март - Час за нашата планета – Март - Меѓународен ден на Планетата Земја – Април - Меѓународен ден на биолошката разновидност – Мај - Светски ден на животната средина – Јуни - Светски ден против опустинување и суши – Јуни - Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка - Септември - Меѓународен ден без автомобили - Септември - Светски ден на живеалишта – Октомври - Мегународен ден на планините - Декември

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Активности за промоција на одржлив начин на транспорт и намалување на аерозагадувањето од сообраќајот, намалување на количините на отпад преку селекција, зголемување на зелени површини и заштита на природата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Справување со последиците од светската пандемија предизвикана од КОВИД – 19 и други кризи*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот е изготвена согласно Буџетот на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со централизираната набавка на инсулин на годишно ниво, што ја спроведе Министерството за здравство, навреме се обезбедуваат потребните количини на инсулин, а со оглед на фактот дека се работи за голема количина се доби и пониска цена за набавка.

**Фискални импликации:** Има: 940,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

### *Предлог - програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Според проценките на експертскиот тим на Светската банка и Министерството за здравство, во моментот само околу 50% од лицата што живеат со ХИВ се дијагностицирани, односно околу половина од нив не се свесни за својот ХИВ статус. Токму затоа главна цел на Националната програма за ХИВ е припадниците на клучните популации да бидат опфатени со програмите за превенција и ХИВ-тестирање, лицата кои се инфицирани да бидат детектирани и поврзани со системот на здравствената заштита во врска со ХИВ-инфекцијата и да пристапат кон лекување и терапија. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на програмата и одржување на ниско ниво на епидемијата на ХИВ во земјата. - Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија - Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус; - Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ. |

**Фискални импликации:** Има: 125,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образл** Со програмата се обезбедуваат потребните количини на вакцини за

**ожение :** задолжителна имунизација и вакцини по епидемиолошки индикациии, како и мерки и активности за спроведување на задолжителна имунизација на населението која се спроведува континуирано и по епидемиолошки индикации. Во истата се опфатени возрасните групи подложни за поедини вакцинации, видот на вакцини кои се даваат и начинот на давање. Програмата го содржи Календарот за имунизација на деца од 0 до 18 години и Календарот за catch-up имунизација за нередовно вакцинираните деца од 5 до 18 година. Исто така, преку оваа програма се набавуваат и КОВИД-19 вакцини.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Активностите предвидени во оваа програма ќе овозможат континуитет на активностите кои државата ги презема за задолжителна имунизација на населението, се со цел за постигнување на поголем опфат кај популацијата со поедини вакцини, спречување на појава на заразни заболувања кои се превенираат со вакцинација и елиминација и ерадикација на поедини заболувања. Во услови на пандемија, се спроведува вакцинација против КОВИД-19, со цел да се спречи ширењето на инфекцијата и да се намали морбидитетот и морталитетот, како и оптоварувањето на здравствениот систем.

**Фискални импликации:** Има: 460,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма здравје за сите во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение** Програмата има за цел да обезбеди подобра едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи, контрола на сопственото

: здравје, а со тоа рано откривање на болести или спречување на нарушување на здравјето и истата ќе се спроведува преку планирани мерки и активности координирани од Министерство за здравство и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи пристап до здравствени услуги и на оние граѓани кои живеат во рурални средини.

**Фискални импликации:** Има: 3,800,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија за 2024 година***

**Образложение:** Плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување на здравствено осигурување на сите државјани во Република Северна Македонија

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

### *Предлог - Национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2024 година, е стандарден пакет на мерки и активности кои ги спроведуваат: Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија (ИЈЗ на РСМ ) и 10-те Центри за јавно здравје (ЦЈЗ) како и активности кои ги спроведуваат Институтот по медицина на трудот на Република Северна Македонија (ИМТ на РСМ) и „Медицински факултет Скопје–Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика“. Програмата содржи мерки, задачи и активности за следење и проценка на здравјето и добросостојбата на населението, идентификување, предвидување, испитување, ублажување на здравствените проблеми и опасности во заедницата. Во Програмата е утврден видот на задачите и финансиските средства за реализација на Програмата. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје, преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институциите, единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно здравствена потреба и итност и појава на јавно здравствена вонредна околност, обезбедување и спроведување на меѓународните здравствени правила, се со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението. Со задачите од оваа програма се обезбедува остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси на сите граѓани што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, утврдени со член 48 од Законот за здравствената заштита и препораките на Светска здравствена |

организација (СЗО ).

**Фискални импликации:** Има: 100,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за систематски прегледи на ученици и студенти во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Со програмата се обезбедуваат услови за зачување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите, преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушување на здравјето.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Опфаќање на сите ученици од l, lV, Vl и Vlll одделение и l, lV година средно и l-ва година студенти преку спроведување на превентивни систематски прегледи (тежина, висина, вид, лабораторија, крв и урина) на учениците, средношколците и студентите.

**Фискални импликации:** Има: 12,770,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за превенција од кардиоваскуларни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Во програмата се содржани мерки и активности за превенција на кардиоваскуларните заболувања кои се однесуваат на целокупната популација во државата, средства за едукација на медицински кадри во

областа на превенција, контрола и лекување на кардиоваскуларните заболувања, како и активности за кардиохирургијата и васкуларни интервентни процедури кои се користат за лекување на васкуларните болести во рана фаза за адултна и детската хирургија.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со цел навремено дијагностицирање и третман на кардиолошките заболувања кај адултните и педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во едукација за раст и развој на адултната кардиохирургија и педијатриската хирургија, како и интензивна хируршка нега. |

**Фискални импликации:** Има: 20,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог Програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година, се изготвува секоја година со цел да се заштити населението од појава на бруцелоза, спречување и ширење на истата. Програмата опфаќа: епидемиолошко набљудување за рано откривање на извори, патишта и начин на пренесување на заразата, рано и активно откривање на заболени, лабораториско докажување, навремено хоспитализирање и здравствено-едукативна дејност. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Активностите предвидени во оваа програма ќе овозможат континуитет на активностите кои ги презема државата за спречување на појава и ширење на бруцелозата кои се спроведуваат повеќе години нананзад. |

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Предлог - програма за активна здравствена заштита на мајки и деца во Република Северна Македонија за 2024 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и новороденчињата, преку интегриран пристап во унапредување на нивното здравје, преку имплементација на мерки за планирање на семејството, пренатална и здравствена заштита во текот на породувањето и леунството, како и пристап до соодветни здравствени пакети за социјално ранливи популациони групи. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност |

**Фискални импликации:** Има: 27,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

### *Предлог - програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и континуирано вршење на хемодијализа на пациенти за поквалитетен живот, обезбедување здравствена заштита за лицата кои се опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија, подобрување на состојбата на лица заболени од хемофилија преку рано препознавање и навремено лекување.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи навремено згрижување на пациентите со дијализа и превентивно едукативни активности за хемофилијата

**Фискални импликации:** Има: 6,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

### *Предлог - програма за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година се однесува на: I. Скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грло на матка II. Пилот скрининг на

колоректален карцином во Република Северна Македонија III. Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата IV. Организиран мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка V. Промотивна активности за превенција и рана дијагностика на хепатоцелуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Главна цел е: да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Северна Македонија, намалување на инциденцата и смртноста на жените од рак на дојка во Република Северна Македонија, намалување на морбилитетот и морталитетот на населението во Република Северна Македонија од рак на дебело црево, организација на превентивна кампања за подигнување на свеста кај машката популација за превенција и рано откривање на ракот на простата, развивање на програма за превенција и рана дијагностика на хепатоцелуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб. |

**Фискални импликации:** Има: 35,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија, обезбедува грижа во чувањето и следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето и следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

**Фискални импликации:** Има: 70,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за лекување на лица со ретки болести во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Основна цел на Програмата за ретки болести е обезбедување на терапија со лекови-сираци за лицата со ретки болести кои се вклучени во Регистарот на ретки болести на Република Северна Македонија, за чиешто лекување постои одобрение од Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство. Преку Програмата за ретки болести ќе се лекуваат оние заболувања кои спаѓаат во ORPHAN листата на ретки болести, но чија преваленца во Република Северна Македонија не надминува 1 на 100 000 жители.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на стандард на лекување на лицата со ретки болести, сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем, согласно светските нормативи за лекување и обезбедениот буџет наменет за ретките болести . |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2024 година*

**Образложение:** Обезбедена здравствена заштита и згрижување на 150 лица со душевни растројства и изречена судска мерка „задолжително лекување и чување“ и 750 пациенти кои се лекуваат во центрите за ментално здравје. Развој на Центри за ментално здравје, во оние региони во нема вакви центри и развој на веќе постоечките, би влијаело на укажување на поквалитетна здравствена услуга на лицата со нарушено ментално здравје, скратување на времето и финансискиот дел за патување до најблиската установа од овој вид.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | 1. Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка, од надлежен суд „задолжително лекување и чување во психијатриска установа“ 2. Обезбедување на партиципација за дневно болничко лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје 3. Развој на Центрите за ментално здравје како вонинституционална форма |

на лекување.

**Фискални импликации:** Има: 65,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за потпишување на Договор за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Северна Македонија и Директоратот за радијациона и нуклеарна сигурност и безбедност на Република Србија за соработка на полето на радијационата заштита*

**Образложение:** Оваа информација е започната кон крајот на 2019 година и се очекуваше да се заврши на почетокот на 2020 година, но поради Пандемијата КОВИД-19 се одложи до крајот на 2021 година. Во однос на конечниот текст на Договорот, со мислење од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија е побарано внесување на дополнителен член (чл.5 став 2) за кој од страна на регулаторното тело на Србија, Дирекцијата нема добиено согласност за внесување на истиот во текстот на Договорот. Доколку не се добие согласноста би се довело во прашање склучувањето на Договорот. Во текот на 2022 година се направија напори за разрешување на оваа новонастаната состојба со учество на претставници од двете регулаторни тела на регионален состанок за време на одржувањето на 66та Генерална конференција на МААЕ. На присуството на состанокот беше изразена подготвеноста и решеноста од страна на двете институции за продолжување на оваа активност со конечна цел за потпишување на Договорот за разбирање во текот на 2023 година.

**НПАА-поглавје:** 3.15: Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.7: Нуклеарна сигурност и радијациона заштита

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со потпишување на Договорот за разбирање ќе се придонесе во зајакнувањето на регионалната соработка во областа на радијационата и нуклеарната сигурност и безбедност помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, а со тоа и размената на технички информации и искуства помеѓу двете регулаторна тела.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Дирекција за радијациона сигурност

### *Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули – 31 декември 2023 година*

**Образложение:** Информацијата има за цел запознавање на членовите на Владата на Република Северна Македонија со актуелните состојби и активности на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Редовното следење на овие состојби овозможува активно позиционирање на дипломатските активности и националните политики на земјата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност*

Б) Материјали

### *Извештај за извршените преговори за текстот на Безбедносниот договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Норвешка*

**Образложение:** Со Извештајот, Владата се известува за извршените преговори за усогласување на текстот на билатералниот договор со Кралството Норвешка и се запознава со содржината на усогласениот текст на договорот којшто е предмет на одобрување на Владата. Владата со заклучок определува и овластен потписник на договорот. Потпишаниот договор потоа минува низ процедура на ратификација, односно Министерството за надворешни работи пред Владата доставува Предлог на Закон за ратификација на договорот, којшто потоа се доставува во собраниска процедура.

**НПАА-поглавје:** 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања- класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Размената на класифицирани информации со странство претставува еден од привилегираните видови на меѓусебна соработка. Потпишувањето на договорот со Кралството Норвешка ќе придонесе за унапредување на односите меѓу двете земји и за подигање на степенот на заемната соработка во сферата на заштитата на класифицираните информации. Со влегувањето во договорна соработка на полето на класифицираните информации со Кралството Норвешка се отвораат можности за поблиска соработка на билатерално ниво во однос на прашања од чувствителен карактер сврзани со безбедноста и одбраната.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството*

Б) Материјали

### *Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јули-септември 2023 година*

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## *Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост*

**Образложение:** Законска обврска согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите во насока на унапредување на состојбата со жените и мажите во сите сфери на општественото живеење по однос на Стратегијата за родова еднаквост.

**НПАА-поглавје:** Поглавјето 19

поглавје 19.7

**НПАА-подрачје:** Социјална политика и вработување

Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Извештајот ќе даде преглед за спроведените политики, мерки и активности кои ќе влијаат на подобрување на статусот и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите со почитување на принципот на еднаквост и недискриминација.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

III. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 41-70/9
24 јануари 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна
Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата